Konrad
Adenauer
Stiftung

IDSCS
Institute for Democracy
Societas Civilis -Skopje



# ПРИРАЧНИК ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2014 ГОДИНА

второ дополнето издание

ПОЛИТИКА

# ПРИРАЧНИК ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2014 ГОДИНА

второ дополнето издание

# ПРИРАЧНИК ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2014 ГОДИНА

Илина Мангова
Јован Близнаковски
Ивана Кипријановска

## Импресум

**Наслов:**
Прирачник за претседателски избори во Република Македонија 2014 година

**Издавач:**
Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија
Институт за демократија "Социетас Цивилис" – Скопје

**Автори:**
Илина Мангова
Јован Близнаковски
Ивана Кипријановска

**Координација:**
Давор Пашоски

**Лектура:**
Винета Огненоска

**Дизајн:**
Винсент графика

Публикацијата може бесплатно да се преземе на:
http://www.kas.de/macedonia
http://www.idscs.org.mk

**Напомена:**
**Ставовите изнесени во публикацијата не се ставови на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија "Социетас Цивилис" – Скопје, туку се лични гледишта на авторите.**

# Содржина:


**1. Вовед во петтите претседателски избори во Република Македонија** **8**

Подготовки за претседателските избори 13

Последни промени на изборното законодавство 15

**2. Историјат на претседателски избори во Македонија (1991 – 2009)** **24**

Киро Глигоров, прв претседател на РМ (1991-1999) 25

Борис Трајковски, втор претседател на РМ (1999-2004) 26

Бранко Црвенковски, трет претседател на РМ (2004-2009) 28

Ѓорге Иванов, четврт претседател на РМ (2009-2014) 29

**3. Македонски изборен систем за претседателски избори** **32**

Изборен модел за претседател 33

Изборни органи 35

Право и процедура за поднесување на кандидатури за претседател 36

Изборна кампања 38

Улогата на јавните гласила 39

Ограничувања за актуелните функционери 42

Мандат на претседателот на Република Македонија 43

Набљудување на изборите 45

**4. Учесници на претседателските избори 2014** **46**

Ѓорге Иванов 47

Илјаз Халими 48

Стево Пендаровски 49

Зоран Поповски 50

**5. Претседателски избори во Република Македонија 2014 година - резултати, кампања, оценки** **52**

Список на кратенки 53

Вовед 54

Изборната кампања и финансирање на кандидатите за претседател 55

Медиуми 62

Резултати од претседателските избори 71

Заштита на избирачкото право 74

Оценка на изборите од набљудувачите 76

Оценка на изборите од политичките партии 82

Заклучоци 87

**6. Извори** **92**

# ВОВЕД ВО ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2014

## ВОВЕД ВО ПЕТТИТЕ ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На 13 април 2014 година ќе се одржат петтите по ред општи претседателски избори во Република Македонија. За функцијата претседател на Република Македонија ќе се натпреваруваат четворица кандидати: кандидатот на вонпарламентарната партија Граѓанска алијанса за Македонија (ГРОМ) Зоран Поповски, кандидатитот на Демократската партија на Албанците (ДПА), која е во опозиција, Илјаз Халими, кандидатот на опозициската Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Стево Пендаровски и актуелниот претседател на државата, како кандидат на владеачката Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), Ѓорге Иванов.

Изборите беа распишани на 1 февруари 2014 година кога претседателот на Собранието, Трајко Вељановски, согласно уставните и законските обврски, го потпиша решението за распишување на претседателските избори. Според одлуката, предвидено е изборите да се одржат на 13 април, а со тоа евентуалниот втор изборен круг да се одржи две седмици подоцна - на 27 април.[1] Гласањето во странство, кое се оддржува во Дипломатско-конзуларните претставништва (ДКП) е предвидено за еден ден порано, 12 април, зависно од сметањето на времето во соодветната земја. На 12 април гласаат и болните и немоќните лица во своите домови, лицата кои се на издржување на казна затвор или им е одредена мерка притвор во казнено-поправните домови, лицата на кои им е определен куќен притвор во местата каде што го издржуваат притворот и внатрешно раселените лица, кои гласаат во колективните домови или прифатните центри. Во случај на втор круг, овие категории на избирачи исто така гласаат еден ден пред одржувањето на изборите.

1 Решение за распишување избор за претседател на Република Македонија, бр. 08-608/1, 1 февруари 2014 Скопје, пристапено на: http://www.sec.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=214:resenie-za-izbor&catid=29&Itemid=1278&lang=mk (последна посета: 13 март 2014).

Постапката за собирање на потписи за претендентите за претседателски кандидат започна на 16 февруари, а беше затворена на 2 март. Прв до 10 000 граѓански потписи во поддршка на својата кандидатура стигна членот на вонпарламентарната партија ГРОМ, Зоран Поповски, кој веќе на 17 март преку прес конференција ја информираше јавноста дека процесот е успешно завршен.[2]

Актуелниот претседател Ѓорге Иванов исто така ја обезбеди својата кандидатура преку потписи на граѓаните. Иванов тоа го направи во последните 24 часа од рокот за собирање на потписи, во периодот од одржувањето на конвенцијата на владеачката ВМРО-ДПМНЕ на 1 март, до крајот на рокот, 2 март. Актуелниот претседател успеа да собере повеќе од 60.000 потписи за поддршка на неговата кандидатура.[3] Претходно, Иванов ја обезбеди поддршката на мнозинството делегати на конвенцијата на ВМРО-ДПМНЕ. На конвенцијата свои кандидатури доставија и универзитетскиот професор Јове Кекеновски, адвокатот Ставре Џиков и Божидар Ночев, магистер по архитектура и градежништво. Иванов ја доби поддршката од 1.099 од присутни 1.234 делегати, додека неговиот најблизок конкурент Јове Кекеновски освои 124 гласа од делегатите.[4]

Илјаз Халими, поранешен пратеник и потпретседател на Собранието, беше промовиран на прес-конференција како претседателски кандидат на ДПА на 26 февруари,[5] а успеа и да ги собере потребните потписи до 1 март.[6]

2 Собрани 10.000 потписи за кандидатурата на Зоран Поповски, Телма ТВ, 17.02.2014, пристапено на: http://www.telma.com.mk/index.php?task=content&cat=1&rub=15&item=35041 (последна посета: 10 март 2014).

3 Вкупно 63.253 потписи за Иванов, Телеграф, 04.03.2013, пристапено на: http://www.telegraf.mk/aktuelno/114187-vkupno-63-253-potpisi-za-ivanov (последна посета: 13 март 2014).

4 Ѓорге Иванов избран за кандидат за претседател на Република Македонија од ВМРО-ДПМНЕ, Веб-страна на ВМРО ДПМНЕ, 01.03.2014, пристапено на: http://vmro-dpmne.org.mk/?p=21701 (последна посета 13 март 2014).

5 Илјаз Халими кандидат за претседател на ДПА, Алфа ТВ, 26.02.2014, пристапено на: http://www.alfa.mk/News.aspx?ID=72039#.UxXuTM51DiA (последна посета: 10 март 2014).

6 ДПА го собра потребниот број потписи за Илјаз Халими, Телма ТВ, 01.03.2014, пристапено на: http://telma.com.mk/index.php?task=content&cat=1&rub=15&item=35438 (последна посета: 10 март 2014).



Во трката за собирање на потписи за кандидатура влегоа и независната кандидатка Билјана Ванковска, универзитетски професор, како и претседателот на вонпарламентарната партија Достоинство, Стојанче Ангелов. Ванковска и Ангелов не успеаја да ги соберат потребните потписи во предвидениот рок. Универзитетската професорка својата кампања ја спроведуваше претежно во интернет просторот и преку социјалните мрежи, од каде што обвини за низа недоследности во процесот, пред сѐ неподготвеноста на Државната изборна комисија (ДИК) за организирање на таков процес, притисок од останатите политички партии врз граѓаните и монополизација на подрачните единици на ДИК во последниот ден на собирање на потписи од страна на активистите на ВМРО-ДПМНЕ кои масовно излегоа да му дадат поддршка на претседателот Ѓорге Иванов.

Последен во претседателската трка влезе кандидатот на најголемата опозициска партија СДСМ, Стево Пендаровски, кој беше избран на партискиот конгрес одржан на 4 март 2014 година. Неговата кандидатура беше поддржана со потписите на 30 пратеници од Собранието на Република Македонија, членови на пратеничката група на СДСМ и коалицијата. На самиот конгрес, Пендаровски беше единствен номиниран кандидат и како таков беше едногласно изгласан од присутните 588 делегати.[7]

Двете најголеми партии избраа различни начини за номинирање на претседателските кандидати, но сепак изборот беше направен во рамки на најголемите тела. ВМРО-ДПМНЕ тоа го направи на конвенција со присутни 1.234 делегати, додека СДСМ на конгрес со 588 делегати од општинските организации. Кај ВМРО-ДПМНЕ номинирањето на кандидати се одвиваше по принципот на самономинирање на кандидатите (поднесување на кандидатури), додека кај СДСМ

7 Пендаровски официјално претседателски кандидат на СДСМ, Дојче Веле, Македонски сервис, 05.03.2014, пристапено на: http://www.dw.de/%D0%BF%D0%B5%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BE%D1%84%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%82%D1%81%D0%B5%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BA%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B8%D0%B4%D0%B0%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B4%D1%81%D0%BC/a-17476530 (последна посета: 10.03.2014).

предлозите за кандидати ги поднесуваа општинските ограноци на партијата, а Извршниот одбор врз база на доставените предлози ги утврди кандидатите.

Претходно, најголемата партија на етничките Албанци, Демократската унија за интеграција (ДУИ), зазеде став во јавноста дека нема да промовира свој претседателски кандидат и се залагаше за т.н. „консензуален претседател", односно претседател прифатлив за сите етнички заедници во Македонија, кој „ќе ги претстави сите граѓани во Македонија"[8]. На овој начин, ДУИ во предизборниот период одби да даде поддршка за некој од номинираните претседателски кандидати, вклучително и на кандидатот на коалицискиот партнер ВМРО-ДПМНЕ, Ѓорге Иванов.

Откако двата коалициски партнери, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, не успеаја да изнајдат заедничко решение во поглед на предлогот за „консензуален претседател" и откако стана се поизвесно дека ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи Ѓорге Иванов за втор претседателски мандат, пратеничката група на ДУИ на 1-ви март формално до Собранието поднесе иницијатива за негово распуштање и распишување предвремени парламентарни избори.[9] На истиот ден, на партиската конвенција за избор на претседателски кандидат, премиерот и претседател на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, соопшти пред делегатите, членството и јавноста дека ВМРО-ДПМНЕ го прифаќа предлогот на ДУИ и дека со тоа во Македонија ќе се одржат предвремени парламентарни избори.[10]

[8] Изјава на Генералниот секретар на ДУИ, Абдулахим Адеми: ДУИ децидни: Консензуален претседател на државата, 24 Вести, 09.01.2014, пристапено на: http://24vesti.mk/dui-decidni-konsenzualen-pretsedatel-na-drzhavata (последна посета: 10 март 2014).

[9] ДУИ поднесе предлог за предвремени избори, Дојче Веле, Македонски сервис, 01.03.2014, пристапено на: http://www.dw.de/%D0%B4%D1%83%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%B5%D1%81%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BB%D0%BE%D0%B3-%D0%B7%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/a-17466769 (последна посета: 10 март 2014).

[10] ВМРО-ДПМНЕ оди на предвремени парламентарни избори, Радио Слободна Европа на македонски, 04.03.2014, пристапено на: http://www.makdenes.org/archive/news/20140301/428/428.html?id=25281463 (последна посета 10 март 2014).



Како последица на овие настани на 5 март 2014 година Собранието на Република Македонија се самораспушти, а предвремените парламентарни избори се закажаа за 27 април, во ист ден со евентуалниот втор круг на претседателските избори. Собранието се распушти едногласно со 117 гласа „ЗА" од 117 присутни пратеници. Со тоа, на 27 април 2014 година во Македонија ќе се одржат, осми по ред, парламентарни избори, од кои трети по ред предвремени.

Претседателските кандидати своите формални кандидатури ги доставија до ДИК во предвидениот рок од 30 дена пред одржувањето на изборите – Зоран Поповски, Илјаз Халими и Ѓорге Иванов тоа го направија на 12 март, а Стево Пендаровски тоа го направи еден ден подоцна, на 13 март.

## ПОДГОТОВКИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ

На 3 март Државната изборна комисија (ДИК)[11] го донесе Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на изборите за претседател.[12] Во континуитет ДИК ги надополнува општинските изборни комисии (ОИК) со членови на местата на оние кои им престанал мандат или имало барања за разрешувања. Според Роковникот, ОИК треба да ги формира избирачките одбори (ИО) најдоцна до 22 февруари 2014, а до тој термин ДИК треба да ги оформи и ИО-ата во ДКП-ата.

Јавниот увид на избирачкиот список во подрачните единици на ДИК, на веб-страницата http://izbirackispisok.gov.mk/, како и во ДКП-ата (за гласање во странство) беше отворен во периодот 16 февруари - 7 март 2014 година. Оние граѓани кои во овој период ќе утврдат дека ги нема во Избирачкиот список, а ги исполнуваат условите за право на глас,

[11] За повеќе информации за изборните органи види Поглавјето 3 – Македонски изборен систем за претседателски избори, дел Изборни органи.

[12] Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија, Државна изборна комисија, 13 април 2014, пристапено на: http://sec.mk/images/izbori2014/rokovnik.pdf (последна посета: 10 март 2014).

можеа да побараат да бидат запишани. Во периодот од распишување на изборите до затворањето на јавниот увид на Избирачкиот список државјаните на Република Македонија кои живеат во странство и кои ги исполнуваат условите за гласање во странство можеа да се пријават за да го реализираат ова свое право.

Според законски утврдените рокови и според Роковникот на ДИК за спроведување на претседателските избори 2014, изборната кампања за овие избори трае од 24 март до 11 април 2014 година.

Според роковникот, финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања до ДИК, Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) се доставуваат во следниве рокови:

- на 3 април за приходите и расходите во првите 10 дена кампања;
- на 12 април доколку не се одржува втор круг на гласање или на 26 април доколку се одржува втор круг, за приходите и расходите од второт дел од изборната кампања;
- финалните финансиски извештаи се доставуваат до 11 мај во случај изборите да поминат во само еден круг, или до 25 мај, во случај на втор круг (до 30 дена по завршувањето на изборите).

Од 4 март, пак, започна периодот предвиден со член 8-а од Изборниот законик во кој не може да се исплаќаат субвеници кои не се редовни месечни исплати, ниту да се одржуваат јавни настани по повод започнување на изградба или пуштање во употреба на објект или инфраструктура финансирана со средства од Буџетот, јавните фондови, како и средствата на јавните претпријатија со државен капитал.

Согласно роковникот, барањата за набљудување на изборите од домашни и странски набљудувачи можат да се достават во периодот од 1 февруари до 2 април 2014 година.



## ПОСЛЕДНИ ПРОМЕНИ НА ИЗБОРНОТО ЗАКОНОДАВСТВО[13]

На средба меѓу Владата и претставниците на политичките партии која се одржа на 15 јануари 2014 година беше постигнат договор за измени на Изборниот законик со кои ќе се усвојат забелешките од набљудувачките извештаи ОБСЕ/ОДИХР[14] и на опозицијата. Измените на Изборниот законик беа усвоени по скратена постапка на 23 јануари 2014 година со поддршка на сите политички партии со исклучок на ДПА. Измените се однесуваа на сите клучни забелешки на нормативната рамка за изборите, со исклучок на изборниот систем за гласање и распределба на мандатите во изборните единици во странство. Политичките партии не постигнаа согласеност по ова прашање и за истото беше договорено да се решава пред наредните парламентарни избори. Измените и дополнувањата на Изборниот законик се однесуваат на следниве суштински аспекти на изборниот процес:

### I Одвојување на државата од партијата

Со повторни измени[15] на членот 8-а е прецизирано дека од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија (ова се однесува и на другите избори) не може:

„-да се располага со буџетски средства на Република Македонија, на општините и градот Скопје, јавни фондови, јавни претпријатија, јавни установи или правни лица кои располагаат со државен капитал,

[13] Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија 14/2014. Пристапено на http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=665 (последна посета: 15 февруари 2014).

[14] ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права. Република Македонија, Локални избори 24 март и 7 април 2013, Конечен извештај, Варшава 9 јули 2013 Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/103832 (последна посета: 15 февруари 2014).

[15] Претходно, со измени на законот усвоени во ноември 2012 и февруари 2013 беа адресирани дел од забелешките на ОБСЕ/ОДИХР: Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 142/2012 и Закон за дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 31/2013.

- да се започне изградба со средства од Буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од Буџетот и станува збор за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година и

- да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови ниту да се отуѓува државен капитал ниту да се потпишуваат колективни договори.‟

Дополнителна измена е што во период од 20 дена пред започнувањето на изборна кампања па се до завршувањето на изборите не може:

„-да се исплаќаат субвенции кои не се редовни месечни исплати и

- да се одржуваат јавни настани по повод започнувањето на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти. Под забрана за одржување на јавни настани не се подразбира особено давање на јавна изјава на носител на јавна функција или кандидат за носител на јавна функција на митинг, интервју на медиум, дебата на медиум или одговор на новинарско прашање.

Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија (како и за другите избори) Министерството за финансии е должно сите буџетски исплати, освен редовните плати, пензии и комунални трошоци, да ги објавува јавно на интернет страница во посебна база за буџетски трошоци во изборен период.

Министерството за финансии две недели по распишување на изборите поднесува предизборен финансиски извештај во кој ќе биде опфатен преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот по ставки во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесувањето на извештајот кој се објавува на веб страницата на Министерството за финансии.”[16]

Прекршувањето на овие правила е казниво според Кривичниот законик. Министерството за финансии ги објави буџетските трошоци во предизборниот период и предизборниот финансиски извештај на својата веб страна.[17]

## II Приговори

Во однос на одлучувањето по приговори, ДИК отсега ќе одлучува само врз основа на увид во изборниот материјал и други докази (член 31(2)), а избришана е одредбата со која ДИК се условуваше да добие и најмалку два приговори за да одлучува по приговори.

[16] Изборен законик (Пречистен текст), Службен весник на Република Македонија бр. 32/2014.

[17] Министерство за финансии на Република Македонија, Предизборен финансиски извештај, 17 февруари 2014, пристапено на: http://www.finance.gov.mk/files/u12/Predizboren_finansiski_izvestaj.pdf (последна посета: 13 март 2014); Министерство за финансии на Република Македонија, Буџетски трошоци во предизборен период, пристапено на: http://www.finance.gov.mk/trosoci (последна посета: 13 март 2014 година).

### III Органи на изборна администрација

Според најновите измени во однос на органите на изборната администрација:

- ДИК е обврзана извештајот за изборите и финансискиот преглед да го објави на својата Интернет страна во рок од 45 дена од објавувањето на конечните резултати од изборите.
- Членовите на избирачките одбори кои се именуваат на предлог на политичките партии можат да се менуваат пред секои избори, односно политичките партии пред секои избори треба да доставаат нови предлози за членови на избирачки одбори и нивни заменици.
- Воведени се промени во составот на избирачките одбори во дипломатско-конзуларните претставништа, односно претседателот на ИО се бира од редот на дипломатите, вработени во соодветното ДКП, по случаен избор за време од четири години, а за неговиот заменик и останатите членови и заменици важат истите услови како и за членовите/замениците во ИО во Република Македонија.
- ДИК е должна утврдената единствена листа на кандидат за избор на претседател на Републиката наместо 30 дена, да ја објави најдоцна 25 дена пред денот на одржувањето на изборите во Службен весник на Република Македонија.
- Доколку до ДИК се поднесе приговор за прекршување на законските одредби за времетраењето и формите на изборна кампања, сега ДИК е должна истите да ги испита и да постапи по поднесениот приговор во рок од 7 дена од поднесувањето на приговорот.

### IV Избирачки список

Со последните промени, покрај посебните изводи од Избирачкиот список кои се изготвуваат за гласање во ДКП и во казнено–поправните установи, се изготвува уште еден посебен извод за гласање во Државната изборна комисија кој служи за гласање на членовите на избирачките одбори за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии.

Министерството за внатрешни работи и основните судови кои беа должни два пати годишно да доставуваат податоци до ДИК за евиденција во Избирачкиот список, со измените се должни истото да го прават четири пати годишно во периодите од 1 до 10 февруари, од 1 до 10 мај, од 1 до 10 септември и од 1 до 10 декември.

Граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство, а кои не доставиле пријава за гласање во ДКП повеќе не се заведуваат со ѕвездичка во Избирачкиот список, туку се запишуваат во посебни изводи на Избирачкиот список за гласање во Република Македонија.

Воведен е електронски систем за проверка на личниот идентитет на гласачот на избирачкото место, а по идентификацијата насместо со спреј гласачот се обележува со видливо мастило.

Со измените им се овозможува на членовите на избирачките одбори за гласање во ДКП-ата да гласаат во Државната изборна комисија три дена пред денот на одржувањето на избори во Република Македонија.

Периодот за вршење на јавен увид во Избирачкиот список е продолжен и трае 20, наместо 15 дена.

Дополнително, на политичките партии им е дадено право да вршат увид и да имаат можност да доставуваат барања за запишување,

дополнување или бришење на податоци од Избирачкиот список по завршувањето на јавниот увид. ДИК има обврска да го достави Избирачкиот список до политичките партии во рок од 5 дена по завршувањето на јавниот увид. Политичките партии исто така имаат рок од 5 дена да достават вакви барања, а доколку го направат тоа, ДИК треба во рок од 3 дена да одлучи по истите. По ова, течат рокови од 24 часа кога можат политичките партии да поднесат тужби против решенијата на ДИК, а по нив одлучува Управниот суд.

## V Кандидати

Со најновите измени, кандидатите се ослободени од обврската да поднесуваат писмена изјава заверена кај нотар во согласност со закон дека не соработувале со органите на државната безбедност.

Листите за кандидат за претседател на Републиката, како и листите на кандидати на други избори, наместо 35 дена пред изборите, сега овластените претставници на предлагачите ги доставуваат до ДИК, или друга надлежна комисија, најдоцна 30 дена пред денот на одржувањето на изборите.

## VI Медиумско претставување

Обврската на Јавниот радиодифузен сервис и трговските радиодифузни друштва да известуваат на праведен, избалансиран и непристрасен начин, како и на учесниците во изборната кампања да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на медиумско претставување е внесена во Изборниот законик, наместо како досега кога истата се уредуваше со Правилникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (поранешен Совет за радиодифузија).

Измените воспоставуваат и правила за избегнување на привилегираност на некој политички субјект при известување за редовни активности на државни и општински органи кои ги вршат лица кои се претставници или се именувани од тој политички субјект. Исто така, на уредници, новинари, водители на програма и презентери им се оневозможува учеството во предизборни активности и изборни кампањи. Доколку овие лица се определат да учествуваат во такви активности, тогаш нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите треба да се стави во мирување.

На радиодифузерите им се наметнува обврска да го снимаат излезниот сигнал на својата програма од денот на распишувањето на изборите до нивното завршување и истиот да го чуваат најмалку 30 дена по завршувањето на изборите, како и да го достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколку тоа биде побарано.

Во периодот од денот на распишувањето на изборите до почетокот на изборната кампања на радиодифузерите и печатените медиуми им се забранува да емитуваат, односно да објавуваат платено политичко рекламирање, освен огласи и соопштенија за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи. Со најновите измени, пропишани се и правилата за начинот и формата на објавување на огласите и соопштенијата за собирање потписи за поддршка на кандидатура.

Од денот на распишувањето на изборите се до нивното завршување, радиодифузерите и печатените медиуми не смеат да емитуваат и објавуваат реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања.

Освен на Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија печатените медиуми се должни ценовниците за платено политичко рекламирање да ги достават и до Државната комисија за спречување на корупцијата, до радиодифузерите, до Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги, до Државната изборна комисија, до Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупција.

Понатаму е презицирана должината и еднаквоста на времето во кое јавниот радиодифузер известува за политичките партии на власт и партиите од опозиција во информативната програма, а времето кое го добива секоја од партиите е распределено пропорционално на резултатите од последните парламентарни избори. Детално се пропишува кога, по каков редослед и во колкава мера јавниот дифузер ќе емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес. Притоа бесплатното политичко претставување мора да биде соодветно и видливо означено како „бесплатно политичко претставување" во текот на целото времетраење на емитувањето. Воедно, јавниот радиодифузен сервис е обврзан да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух.

Во текот на изборниот молк медиумите не смеат да објавуваат, емитуваат било какви информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со, или во кои учествуваат учесници во изборите, било какви облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето, како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта.

Додадена е одредба со која се регулира објавување на резултати од испитувања на јавното мислење спроведени на самиот ден на изборите со која се дефинира дека такви резултати не смеат да се објавуваат пред 19:00 часот, односно пред затворањето на избирачките места.

Со измените е прецизирано е дека програмите наменети за малолетната публика не смеат да се користат за изборно медиумско претставување.

Исто така, воведени се прекршочни одредби и глоби за прекршување на овие правила, наместо главниот и одговорен уредник, одговорноста за почитување и применување на одредбите од Изборниот законик се концентрирани на одговорното лице на радиодифузерот или печатениот медиум.

## VII Финансирање на изборна кампања

Висината на донации кои правни лица можат да ги даваат за финансирање на изборна кампања се менува од 5% од вкупниот приход во претходната година во износ од 50.000 евра во денарска противвредност.

Се воведува уште една обврска за учесниците во изборната кампања на еден ден пред одржувањето на вториот круг на гласање да поднесат финансиски извештај за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборната кампања за вториот круг на гласање.

## VIII Ограничување на големината на избирачкото место

Со измените на Изборниот законик се воведе ограничување на бројот на запишани гласачи во едно избирачко место, тој не смее да биде поголем од 1.000. Со оваа промена се формираа 504 нови избирачки места, со што од 2.976 нивниот број порасна на 3.480.

# ИСТОРИЈАТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ ВО МАКЕДОНИЈА (1991-2009)

## ИСТОРИЈАТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ ВО МАКЕДОНИЈА (1991-2009)[18]

Првиот претседател на независна Република Македонија беше Киро Глигоров. Тој беше избран со тајно гласање во македонското Собрание на 27 јануари 1991 година со 114 пратенички гласа „ЗА" од вкупно присутни 119 пратеници.[19] Сите подоцнежни избори за претседател се одвиваа на општи и непосредни избори на кои имаа можност да учествуваат сите граѓани со право на глас запишани во Избирачкиот список.

Првите непосредни претседателски избори во Македонија се одржаа на 16 октомври 1994 година. На изборите учествуваа само двајца кандидати[20], па изборите се одржаа само во еден изборен круг со прегласување во одредени избирачки места заради констатирани нерегуларности.[21]



**Киро Глигоров, прв претседател на РМ (1991-1999)**

Тогашниот актуелен претседател, Киро Глигоров[22], освои 52,55% (715.087 гласа) од гласовите на вкупниот број избирачи запишани во Избирачкиот список, додека неговиот против-кандидат Љубиша Георгиевски 14,49% (197.109 гласа). На изборите гласаа вкупно 1.053.761 избирачи

[18] Сите фотографии се превземени од веб-страната на Претседателот на Република Македонија: http://www.president.gov.mk/ (последна посета: 11 февруари 2014).

[19] Стенографски белешки од Петтата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, одржана на 27 јануари 1991. Скопје, 27 јануари 1991. Пристапено на: http://sobranie.mk/WBStorage/Files/05sed27jan91god.pdf (последна посета: 11 февруари 2014).

[20] Републичката (Државната) изборна комисија не ги прифатила кандидатурите на Хабит Шабан и Ѓорѓија Атанасоски поради неисполнување на условот наведен во член 6, став 1 од тогашниот Закон за избор на претседател на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, бр. 20/94. Законот предвидувал поддршка за кандидатурата од најмалку 10 000 избирачи или најмалку 30 пратеници.

[21] Прегласувањето се одржало на 30 октомври истата година во 7 изборни единици, на вкупно 11 избирачки места.

[22] Киро Глигоров на овие избори беше предложен за претседател на Република Македонија од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ).

или 77,44% од запишаните избирачи во Избирачкиот список.[23] Една од спецификите на овие избори беше што, Државната изборна комисија поништи огромен број на гласачки ливчиња –130.810 гласови беа прогласени за неважечки (12,41% од гласачките ливчиња). Поради ваквиот развој на настаните, партијата Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), која го предложи Љубиша Георгиевски за претседател, поднесе приговор до Државната изборна комисија (ДИК) со барање изборите да бидат поништени. Приговорот беше одбиен и со тоа Киро Глигоров стана првиот претседател во Република Македонија избран на општи и непосредни избори. Киро Глигоров ја извршуваше функцијата шеф на државата до 19 ноември 1999 година.[24]



**Борис Трајковски, втор претседател на РМ (1999-2004)**

Вторите по ред општи и непосредни претседателски избори се одржаа во 1999 година. На изборите учествуваа шест кандидати: Борис Трајковски (ВМРО-ДПМНЕ), Васил Тупурковски од Демократска алтернатива (ДА), Муарем Неџипи од Партијата за демократски просперитет на албанците (ПДПА), Мухамед Халили од Партијата за демократски просперитет (ПДП), Стојан Андов од Либерално-демократската партија (ЛДП) и Тито Петковски од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ).[25]

[23] Републичка (Државна) изборна комисија, извештај за спроведениот избор на претседател на Република Македонија во 1994 година. Број 30-282. 8 ноември 1994 година.

[24] Претседателот Киро Глигоров имаше прекин во вршењето на оваа функција во периодот од 03 октомври 1995 до 10 јануари 1996. Причина беше закрепнувањето на Претседателот после преживеаниот атентат, а привременото водство на државата според Уставот на Република Македонија, го презеде тогашниот претседател на Собранието – Стојан Андов.

[25] Веб-страна на Државната изборна комисија за претседателските избори 1999 година: http://www.sec.mk/arhiva/1999_pretsedatelski/ (последна посета: 11 февруари 2014).



Првиот круг се одржа на 31 октомври, а вториот на 14 ноември 1999 година. Поради констатирани нерегуларности изборниот процес од вториот круг беше повторен на 5 декември 1999 година во вкупно 230 избирачки места. За претседател на Република Македонија беше избран Борис Трајковски. По гласањето во првиот круг 32,71% од гласовите (343.606 гласа) му припаднаа на кандидатот Тито Петковски, 20,85% (219.098 гласа) на Борис Трајковски, 15,54% (163.206 гласа) на Васил Тупурковски, 14,85% (155.978 гласа) на Муарем Неџипи, 10,66% (111.983 гласа) на Стојан Андов и 4,35% (45.731 гласа) на Мухамед Халили. Вкупно 11.013 гласачки ливчиња беа прогласени за неважечки (0,68%). На гласањето во првиот круг излегоа 1.039.602 избирачи или 64,44% од запишаните избирачи во Избирачкиот список.[26] Во вториот круг од изборите учествуваа Тито Петковски и Борис Трајковски.

По одржаниот втор круг и по прегласувањето во одредени избирачки места, Борис Трајковски освои 52,4% од гласовите (582.808 гласа), а Тито Петковски 46,18% (513.614 гласа). Вкупно 16.821 гласачки ливчиња беа прогласени за неважечки (1,01%). На гласањето во вториот круг излегоа вкупно 1.096 422 избирачи или 68,08% од регистрираните гласачи.[27]

Борис Трајковски ја извршуваше функцијата претседател на Република Македонија од 15 декември 1999 до 26 февруари 2004 година.[28]

[26] Според: ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права. Република Македонија, Претседателски избори, 31 октомври и 14 ноември 1999, Конечен извештај. Варшава, 31 јануари 2000. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/15910 (последна посета: 11 февруари 2014). Резултатите се преземени од извештајот на ОБСЕ-ОДИХР, кои пак се повикуваат на официјални податоци објавени од ДИК. Веб-страната на ДИК не содржи податоци за резултатите од претседателските избори во 1999 година.

[27] Ибид.

[28] Претседателот Борис Трајковски загина во авионска несреќа на 26 февруари, 2004. Според Уставот на Република Македонија, привремено во периодот од 26 февруари до 12 мај 2004, на чело на државата застана Љупчо Јордановски, тогашен носител на функцијата Претседател на Собранието на РМ.



**Бранко Црвенковски, трет претседател на РМ (2004-2009)**

Претседателските избори од 2004 година беа третите по ред претседателски избори по осамостојувањето на Република Македонија. Граѓаните во првиот изборен круг одржан на 14 април 2004 година, избираа помеѓу четворица предложени кандидати: Бранко Црвенковски (СДСМ), Гзим Острени од Демократската унија за интеграција (ДУИ), Зуди Џелили од Демократската партија на Албанците (ДПА) и Сашко Кедев (ВМРО-ДПМНЕ). На денот на гласањето излегоа 935.372 избирачи или 55,2% од запишаните избирачи во Избирачкиот список. Според податоците, 42,47% од гласовите (385.347 гласа) беа освоени од Бранко Црвенковски, 34,07% (309.132 гласа) од Сашко Кедев, 14,79% од вкупниот број гласови (134.208) му припаднаа на Гзим Острени, а 8,67% од вкупниот број важечки гласачки ливчиња (вкупно 78.714) на Зуди Џелили. Во вториот изборен круг одржан на 28 април 2004 година мнозинството гласови ги освои Бранко Црвенковски, кој стана третиот по ред Претседател на Република Македонија. Тој ја доби довербата на 550.317 гласачи односно 60,5% од вкупниот број гласови, наспроти Сашко Кедев кој беше поддржан со 329.179 гласови, односно 36,2% од вкупниот број важечки гласачки ливчиња[29]. Во вториот круг учествуваа 909.289 избирачи или 53,6% од запишаните во Избирачкиот список.

Бранко Црвенковски ја извршуваше функцијата Претседател на Република Македонија од 12 мај 2004 до 12 мај 2009 година.

[29] Според: ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права. Република Македонија, Претседателски избори, 14 и 28 април 2004, Краен извештај. Варшава, 13 јули 2004. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/35248 (последна посета: 11 февруари 2014). Резултатите се преземени од извештајот на ОБСЕ-ОДИХР, кои пак се повикуваат на официјални податоци објавени од ДИК. Веб-страната на ДИК не содржи податоци за спроведувањето и резултатите од претседателските избори во 2004 година.





**Ѓорге Иванов, четврт претседател на РМ (2009-2014)**

Актуелниот претседател на Република Македонија, Ѓорге Иванов беше избран на последните претседателски избори одржани во 2009. На овие избори во трка влегоа седум кандидати кои ги исполнуваа условите за соодветна кандидатура. Во овој циклус за прв пат во изборната трка за претседател влезе и една кандидатка, Мируше Хоџа, која беше поддржана од ДПА. По првиот изборен круг одржан на 22 март 2009, на првите две места се најдоа кандидатот поддржан од ВМРО-ДПМНЕ Ѓорге Иванов, кој освои 35,04% од вкупниот број важечки гласачки ливчиња (345.850 гласа) и кандидатот поддржан од СДСМ Љубомир Данаилов – Фрчкоски со добиени 20,54% од вкупниот број важечки гласачки ливчиња (202.691 гласа). Имер Селмани од Нова демократија (НД) освои 14,95% од гласовите (147.547 гласа), а потоа следуваа Љубе Бошкоски од Обединети за Македонија (ОМ) со 14,88% (146.878), Агрон Буџаку (ДУИ) со 7,46% (односно 73.629 гласачи), Нано Ружин (ЛДП) кој освои 4,06% од вкупниот број важечки гласачки ливчиња (или 40.042 гласа), додека Мируше Хоџа (ДПА) беше поддржана од 3,06% од гласачите (30.225 гласа).[30] На изборите во првиот круг излегоа 1.019.258 избирачи, или 56,88% од вкупниот број на избирачи запишани во Избирачкиот список (1.792.028 граѓани со право на глас).

Вториот изборен круг се одржа на 5 април 2009 година. Ѓорге Иванов освои 63,14%, односно 453.616 од вкупниот број важечки гласачки ливчиња додека претседателскиот кандитат Љубомир Данаилов Фрчкоски ја заврши изборната трка со освоени 36,86% од вкупниот

[30] Државна изборна комисија. Претседателски избори 2009. Соопштение за збирни резултати од гласањето во првиот круг. Пристапено на: http://www.sec.mk/arhiva/2009_pretsedatelskiIlokalni/2009/fajlovi/rezultati/konecni/PretsedatelDrzava.pdf (последен преглед на 11 февруари 2014).

број гласови, односно 264.828 гласа.[31] Во вториот изборен круг излегоа 764.039 избирачи, или 42,63% од граѓаните запишани во Избирачкиот список.

[31] Државна изборна комисија. Претседателски избори 2009. Соопштение за збирни резултати од гласањето во вториот круг. Пристапено на: http://www.sec.mk/arhiva/2009_pretsedatelskiIlokalni/2009/fajlovi/rezultati2/konecnipret/Predsedatel_konecni.pdf (последен преглед на 11 февруари 2014).

# МАКЕДОНСКИ ИЗБОРЕН СИСТЕМ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ

## МАКЕДОНСКИ ИЗБОРЕН СИСТЕМ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ[32]

### ИЗБОРЕН МОДЕЛ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Република Македонија се избира на општи, непосредни и слободни избори, со тајно гласање за мандат од 5 години. Изборот на претседател на Република Македонија е уреден со Уставот на Република Македонија и Изборниот законик. Оттука, за промена на регулативата, која се однесува за избор на претседател на државата, потребно е во Собранието да се донесе одлука за измена на Уставот, која ќе треба да биде поддржана од двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.




Изборни единици
Извор: Државна изборна комисија

[32] Ова поглавје е подготвено врз основа на одредби во Уставот на Република Македонија со амандмани од 1 до 32, објавен на www.sobranie.mk, Изборен законик (Пречистен текст), Службен весник на Република Македонија бр. 32/2014 објавен на 12 февруари 2014 година и Закон за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност, Службен весник на Република Македонија, бр.86/2012 објавен на 9 јули 2012 година.

Со измените на Изборниот законик од 2009 година покрај во шесте изборни единици на територијата на Република Македонија, гласањето за претседател ( и гласањето на парламентарните избори) се одвива и во новоформираните изборни единици во странство: изборна единица (ИЕ) 7 која се однесува на Европа и Африка, ИЕ 8 Северна и Јужна Америка и ИЕ 9 Австралија и Азија, притоа целата територија на Република Македонија, вклучувајќи ги и изборните единици 7, 8 и 9 се третираат како една изборна единица, а претседателот се бира по мнозински модел. Во прв круг ќе биде избран кандидатот кој ќе добие мнозинство гласови од вкупниот број на регистрирани избирачи во Избирачкиот список. Доколку има само еден кандидат за претседател, а таа/тој не добие потребно мнозинство гласови во првиот изборен круг целата постапка ќе биде повторена. Доколку има повеќе кандидати, но ниеден од нив не го постигне бараното мнозинство гласови од вкупниот број на избирачи, во рок од 14 дена се организира втор круг на избори во кој се гласа само за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најголем број на гласови. Во вториот круг на изборите ќе биде избран оној кандидат кои добил мнозинство гласови од оние кои гласале. Доколку повторно ниту еден од кандидатите не го добие неопходното мнозинство гласови или доколку излезат да гласаат помалку од 40% од вкупниот број на регистрирани гласачи изборната постапка ќе се повтори.

Изборот за претседател треба да биде завршен во последните 60 дена од мандатот на претходниот претседател, а доколку од различни причини предвремено дојде до престанок на мандатот на претседателот, тогаш изборот на нов претседател се врши во рок од 40 дена од денот на престанокот на мандатот.

До престанок на мандатот на претседателот може да дојде по сила на Уставот или во случај на смрт, оставка или трајна спреченост да ја врши функцијата. Дека настанале услови за престанок на мандатот може да утврди само Уставниот суд на РМ по службена должност. Уставот не дозволува настанување на вакуум во извршувањето на функцијата претседател, па така доколку претседателот е спречен да ја врши таа функција, Уставот предвидува него да го заменува претседателот на Собранието, кој во тој период би можел да продолжи да учествува во работата на Собранието.

## ИЗБОРНИ ОРГАНИ

ДИК, заедно со ОИК, ИО за гласање во земјата и ДКП на Република Македонија се изборните органи задолжени за спроведување на претседателските избори. Државната изборна комисија е составена од седум члена кои ги избира Собранието на Република Македонија со мандат од четири години. Членовите на ДИК се избираат во рок од 60 дена од одржувањето на конститутивната седница на Собранието. Претседателот на ДИК и двајца нејзини членови се бираат по предлог на политичките партии од опозиција, а потпретседателот и тројца членови на ДИК по предлог на политичките партии на власт. ДИК располага со стручна служба која ги врши стручно-административните и организационо-техничките работи.

ОИК се формираат на ниво на секоја општина, и се задолжени за спроведување на изборите на територијата под нивна надлежност и вршат надзор на работата на избирачките одбори. Тие се составени од пет члена, од кој еден е претседател, а секој од членовите има заменик. Членовите и замениците на ОИК се избираат од редот на вработените во државната, јавната и општинската администрација, со високо образование, за мандат од пет години. Нивниот избор го врши ДИК.

Избирачкиот одбор е тело кое се формира за секое избирачко место, го сочинуваат пет члена од кој еден е претседател, а за секој од нив се избираат и заменици. Претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик, два члена и нивни заменици се избираат од редот на вработените во државната, јавната и општинската администрација, по случаен избор за време од четири години. По еден член на ИО

и неговиот заменик се именува на предлог на политичките партии во опозиција, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, а друг по предлог на политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови. Случајниот избор на членовите на избирачките одбори (од редот на администрацијата) го вршат ОИК и Изборната комисија на градот Скопје за подрачјето за кое се надлежни, по претходен акт на ДИК. Бројот на избирачките места во земјата за претседателските избори изнесува 3 480, односно има 504 повеќе избирачки места отколку на претходните избори. За гласање во странство се предвидени 47 избирачки места во ДКП-ата, но изборите ќе се организираат само во оние ДКП-а каде што се пријавиле најмалку 10 избирачи.

## ПРАВО И ПРОЦЕДУРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА КАНДИДАТУРИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ

Лицата кои се кандидираат за претседател на Република Македонија треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да се државјани на Република Македонија;
- на денот на изборите да имаат наполнето најмалку 40 години;
- да се жители на Република Македонија најмалку 10 години во последните 15 години;
- да не биле претходно два пати избрани на функцијата претседател;
- да не биле таен соработник, оперативна врска или таен информатор при оперативно прибирање на известувања и податоци во периодот од 2 август 1944 година до денот на започнувањето на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како што е пропишано со Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап до документи и објавување на соработка со органите на државната безбедност.

Кандидатот за претседател треба да биде предложен од најмалку 30 пратеници или 10 000 гласачи. Притоа како подносители на листи на кандидат може да се јават политички партии, коалиции на партии кои се регистрирале во Државната изборна комисија, група избирачи и пратеници. Собирањето на потписи од група избирачи трае 15 дена. Еден избирач својот потпис може да го даде само на една листа за кандидат за претседател на Републиката, а потписите се собираат во општините и подрачните единици на Државната изборна комисија на образец, пред службено лице. Избирачите кои ја поднесуваат листата треба да имаат избирачко право и постојано живеалиште во Република Македонија.

Кандидатурата за претседател на Република Македонија ја доставува овластениот предлагач од кандидатот до Државната изборна комисија, која утврдува дали е поднесена во предвидениот рок и во согласност со изборните прописи. Доколку утврди некакви неправилности, ДИК ќе го повика овластениот претставник на подносителот на листата во рок од 48 часа да ги отстрани истите. Кога листата ги исполнува сите прописи или утврдените неправилности се отстранети во предвидениот рок, тогаш ДИК ќе ја потврди истата, а доколку констатираните неправилности не се отстранети во предвидениот рок, во рок од 24 часа ќе ја отфрли. Во случај на отфрлање, претставникот на подносителот на листата може против решението на ДИК да поднесе тужба до Управниот суд. Тужбата мора да се достави во рок од 24 часа, а Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 24 часа. Кандидатот поднесува писмена согласност (изјава) за кандидатурата, која е неотповиклива.

ДИК е должна листата на кандидати за претседател на Републиката да ја објави во „Службен весник на Република Македонија" најдоцна 25 дена пред денот на одржувањето на изборите.

## ИЗБОРНА КАМПАЊА

Изборната кампања подразбира јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период, односно јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на организаторот на кампањата, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување и дистрибуирање на печатени материјали. Организаторот на изборната кампања е одговорен за спроведување на истата и за нејзината законитост, како и за кампањските активности кои ќе ги спроведуваат други лица кои тој/таа ги овластил/а.
Изборната кампања за избор на претседател започнува 20 дена пред денот на изборите и трае до еден ден пред изборите. Денот пред првиот и вториот круг на гласање е ден на изборен молк, односно период кога изборната кампања не смее да се одвива.

За целите на изборната кампања, организаторите на изборната кампања отвораат посебна банкарска сметка и кампањата смее да се финансира само од средствата од оваа сметка. Како донатори може да се јават физички и правни лица од Република Македонија, при што физички лица можат да дадат донација во висина од 5.000 евра, а правни лица во висина од 50.000 евра во денарска противвредност. Донацијата може да биде и во вид на пари, ствари и услуги, но сепак нивната вредност не смее да ги надмине дефинираните суми. Изборната кампања може да се финансира и од членарината на политичката партија.

Изборната кампања не смее да се финансира од средства од јавни претпријатија и јавни установи, здруженија на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации, странски влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица, претпријатија со мешовит капитал каде што е доминантен странскиот капитал и од неидентификувани извори.

Изборната кампања исто така не смее да се финансира од средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите од општините и буџетот од град Скопје, освен од надоместоците на трошоци за избори кои ги имаат организаторите на изборна кампања. Во случај кандидатурата да не се реализира, организаторите на изборната кампања се должни непотрошените донации во рок од 60 дена да им ги вратат на донаторите.

Право на надоместок на трошоци за избори имаат организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати е избран кандидат за претседател на Републиката и организаторите на изборна кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за претседател на Републиката ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани на ниво на Републиката. Надоместокот изнесува 15 денари по добиен глас.

Доколку во текот на јавните настапи или известувања се повредени правата на некои од кандидатите, истите имаат право веднаш да покренат судска постапка за заштита на своите права. За ваква тужба надлежниот основен суд решава во итни рокови, а одлуката се објавува во јавните гласила.

## УЛОГАТА НА ЈАВНИТЕ ГЛАСИЛА

Во текот на изборната кампања јавниот радиодифузен сервис и трговските радиодифузери кои ќе информираат за изборите должни се тоа да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин.

Со Изборниот законик е пропишано какви содржини се сметаат за изборно медиумско претставување, какви содржини не смеат да се емитуваат пред почетокот на изборната кампања и начинот на однесување на радиодифузерите од денот на распишување на изборите до денот определен за започнување на изборната кампања.

Изборниот законик ги обврзува радиодифузерите да обезбедат избалансирано покривање на изборите и да го применуваат принципот на еднаквост во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин на кандидатите за претседател во првиот и вториот круг. Од принципот на пропорционалност, односно еднаквост, се иззема платеното политичко рекламирање.

Во рок од 5 дена од денот на распишување на изборите радиодифузерите и печатените медиуми се должни да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес. Овие ценовници, јавно се објавуваат најмалку двапати пред почетокот на изборната кампања и не смеат да се менуваат во текот на изборната кампања. Во случај кога медиумите даваат попусти на цените за политичко рекламирање, попустите се сметаат за донација изразена во парична вредност, но не повисока од 50.000 евра во денарска противвредност.

Платеното политичко рекламирање мора да биде соодветно и видливо означено како „платено политичко рекламирање", да биде јасно означен нарачателот на рекламирањето и да биде јасно одвоено од другите содржини на медиумот. Платено политичко рекламињае не смее да се емитува во рамките на вестите, посебни информативни програми, образовни програми, програми за деца, преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани. Во платено политичко рекламирање не смеат да учествуваат малолетници.

Македонската радио телевизија (МРТВ) како јавен радиодифузен сервис не смее да емитува платено политичко рекламирање. МРТВ е должна во соработка со Државната изборна комисија без надоместок да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање и да емитува и други информации поврзани со изборниот процес. Исто така, таа е должна да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес во согласност со Изборниот законик.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААМУ)[33] е органот кој има надлежност да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис од денот на распишувањето на изборите до крајот на гласањето на изборниот ден. Доколку АААМУ утврди неправилности, таа треба да покрене прекршочна постапка против радиодифузерот кој ги прекршил правилата. Органи на АААМУ[34] се Совет и директор. Советот е составен од седум члена кои ги именува Собранието на РМ на предлог на овластени предлагачи. Овластени предлагачи на членови на советот се: Мнозинското здружение на новинари, Интеруниверзитетската конференција, Адвокатската комора на РМ, Сојузот на синдикатите на Македонија, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ и Заедницата на единиците на локалната самоуправа. Сите овластени предлагачи предлагаат по еден член на Агенцијата, освен Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ која предлага два члена. Членовите на советот се именуваат за време од седум години без право на повторно именување. Советот избира директор на АААМУ по пат на јавен конкурс. Мандатот на директорот е седум години.

При објавување на резултати од истражувањата на јавното мислење медиумите се должни да наведат податоци за името на нарачателот и финансиерот на истражувањето, институцијата што го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето. Ваквите податоци не смеат да се објавуваат во последните пет дена пред денот на изборите, за првиот и за вториот круг на гласање.

По завршувањето на изборниот процес, поточно во рок од 15 дена од крајот на кампањата, радиодифузерите и печатените медиуми

[33] Претходно надлежен орган беше Советот за радиодифузија кој со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на Република Македонија 184/2013 беше преименуван во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

[34] Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на Република Македонија 184/2013. Пристапено на http://www.avmu.mk/images/zakonotMKD.pdf (последна посета: 26 март 2014).

се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од организаторите на изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа. Овој извештај тие го поднесуваат до ДИК, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупција, кои имаат обврска да го објават на своите Интернет страници.

За непочитување на медиумско претставување и политичко рекламирање на радиодифузерите и печатените медиуми им се изрекува парична казна во износи од 1500 до 5000 евра во зависност од прекршокот. АААМУ прво спроведува постапка за порамнување и доколку таа не е успешна, се поведува прекршочна постапка пред надлежниот основен суд.

## ОГРАНИЧУВАЊА ЗА АКТУЕЛНИТЕ ФУНКЦИОНЕРИ

Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборите не смее да се:

- располага со буџетски средства на Република Македонија, средства на буџетите на општините и градот Скопје, јавни фондови, јавни претпријатија, јавни установи или правни лица кои располагаат со државен капитал, освен ако тоа поинаку не е утврдено со закон со кој се уредува финансирањето на изборните кампањи на политичките партии;
- започнува изградба, со средства од буџетот, јавни фондови, јавни претпријатија и други правни лица коишто располагаат со државен капитал, на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности - училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година;
- врши вонредно исплаќање на плати, пензии, социјална помош
- или други исплати од буџетски средства, средства на јавните фондови;
- отуѓува државен капитал;
- потпишуваат колективни договори.

Доколку некој министер или заменик-министер ги прекрши овие правила тогаш ќе му се изрече глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност.

Доколку некој од кандидатите за претседател е припадник на вооружените сили на Република Македонија, униформираниот дел на полицијата, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана или Агенцијата за разузнавање од денот кога ќе биде утврден како кандидат, работниот однос ќе му мирува.

## МАНДАТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мандатот на претседателот на Републиката започнува со давање и потпишување на Свечена изјава пред Собранието на Република Македонија, што треба да се случи во рок од 10 дена откако ќе се објават конечните резултати, но не порано од денот на престанок на мандатот на претходниот претседател. Свечената изјава гласи:

„Изјавувам дека функцијата претседател на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе го почитувам Уставот и законите и ќе го штитам суверенитетот, територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија.

Со стапувањето на функција, претседателот добива мандат да:

- ја претставува Републиката;

- биде врховен командант на вооружените сили на Македонија;
- го определува мандатот за состав на Владата на Република Македонија;
- ги поставува и ги отповикува со указ амбасадорите и пратениците на Република Македонија во странство;
- ги прима акредитивните и отповикувачките писма на странските дипломатски претставници;
- предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија;
- предлага двајца членови на Републичкиот судски совет;
- именува тројца членови на Советот за безбедност на Република Македонија;
- именува и разрешува и други носители на државни и јавни функции утврдени со Уставот и со законите;
- доделува одликувања и признанија во согласност со закон;
- дава помилување во согласност со закон и
- врши други функции утврдени со Уставот.

Најмалку еднаш годишно, најчесто во месец декември, претседателот на Републиката го известува Собранието за прашања од негова надлежност. Собранието може да побара од претседателот на Републиката да даде мислење за прашања од негова надлежност.

Функцијата претседател на Републиката е неспојлива со друга јавна, политичка или професионална функција. Претседателот ужива имунитет во вршењето на својата функција, но доколку го прекрши Уставот или законите во вршење на својата должност за тоа мора да одговара. Постапката за утврдување на ваква одговорност треба да ја покрене Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, но истото нема право да одлучува за одговорноста на претседателот. За одговорноста на претседателот одлучува Уставниот суд со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на судии, кој исто така со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на судии, може да одлучи да му го одземе имунитетот.

## НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Право за набљудување на изборите имаат акредитирани набљудувачи, при што ДИК го издава овластувањето. Акредитација за набљудувачи можат да добијат домашни граѓански организации коишто се регистрирани барем една година пред одржувањето на изборите, а во својот статут го имаат вградено начелото за заштита на човековите права. Меѓународните организации и претставниците на странските земји исто така можат да ги набљудуваат изборите. Овластени претставници на подносителите на листите имаат право да определат нивни претставник кој ќе ја следи работата на изборните органи.

# УЧЕСНИЦИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ 2014



## Ѓорге Иванов[35]



Ѓорге Иванов е актуелниот претседател на Република Македонија, избран е на претседателските избори во 2009 година. На овие претседателски избори тој, по вторпат, ќе ја побара довербата на македонските граѓани, како кандидат на владеачката ВМРО-ДПМНЕ.

Пред преземањето на функцијата претседател, Ѓорге Иванов е познат во македонската јавна сфера како универзитетски професор. Од 2004 до 2008 година е продекан на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", и раководител на политичките студии, а пред тоа и професор на политичките студии. На Правниот факултет во Скопје, како асистент, почнал да работи од 1995 година , а во 1998 година е избран за доцент. Пред неговиот професорски ангажман, работел како новинар и уредник на третата програма на Македонската радио-телевизија (1988-1995). Во 2000-та станува предавач на магистерската програма по Југоисточно европски студии на Универзитетот во Атина.

Ѓорге Иванов своето образование го стекнал на Правниот факултет „Јустинијан I" во Скопје каде дипломирал во областа на правните науки, а магистрирал и докторирал во областа на политичките науки. Магистрирал во 1994 година на темата „Цивилно општество – новите контрадикторности на старата расправа", а докторирал во 1998 на тема „Демократијата во поделените општества: македонскиот модел".

[35] Фотографијата е преземена од: http://www.president.gov.mk/mk/galerija/dekem-vri-2012/1799.html (пристапено на 11.03.2014).

Во делот на својот академски ангажман, Ѓорге Иванов е автор на две книги, коавтор на уште три, како и на голем број научни трудови од областа на политичките науки. Тој е основач и претседател на еден од првите аналитички центри од областа на општествените науки во Република Македонија, Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество. Исто така, тој е еден од основачите на списанието за политички науки „Политичка мисла", кое излегува повеќе од 10 години.

Ѓорге Иванов во моментов има 53 години, роден е на 2 мај 1960 година во Валандово. Оженет е со Маја Иванова и има еден син.

## Илјаз Халими[36]



Илјаз Халими е дипломиран професор по филозофија, основач, долгогодишен член и функционер на ДПА. На претседателските избори 2014 тој ќе настапи од позиција на единствен етнички албанец во претседателската трка.

Тој е поранешен заменик-министер за одбрана во Владата на Република Македонија (2006-2008) и пратеник во Собранието на Република Македонија во два мандата (1998-2002 и 2002-2006). Во рамки на својот прв мандат како пратеник (1998-2002) ја извршува функцијата на потпрестедател на законодавното тело. Бил член и на Советот за безбедност на Република Македонија во периодот од 1998 до 2001 година. Претходно (1979-1998), работел како професор по социологија и заменик-директор на гимназијата „Кирил Пејчиновиќ" во Тетово. Во периодот од 2009 до 2013 година работи како раководител на Секторот за јавни дејности во Општина Тетово.

[36] Фотографијата е преземена од: http://www.novini.mk/read/650169/ilijaz-halimi-pretsedatelski-kandidat-na-dpa (пристапено на 11.03.2014).

Од 1990 до 1997 година Илјаз Халими е претседател на Народната демократска партија (НДП), која во 1997 година се спојува со Партијата за демократски просперитет на албанците (ПДПА) и со тоа се оформува ДПА. Во периодот од 1997 до 2007 година Халими ја извршува функцијата потпретседател на ДПА.Од 2011-тата е член на на Централното претседателство на ДПА.

Илјаз Халими своите додипломски студии по филозофија ги завршил на Филозовскиот факултет при Универзитетот во Приштина. Во моментов има 60 години, роден е на 7 февруари 1954 година во с. Сушиќе, Косово. Оженет е со Зејна Халими и има еден син.

## Стево Пендаровски[37]



Стево Пендаровски е универзитетски професор, работи на Факултетот за политички науки при Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје (УАКС), како вонреден професор по предметите меѓународна безбедност, надворешна политика и глобализација. На претседателските избори 2014 ќе настапи како кандидат на опозициskиот СДСМ.

Во периодот од 2001 до 2004 година, Стево Пендаровски работи како советник за национална безбедност во Кабинетот на претседателот Борис Трајковски, а во периодот од 2005 до 2009 година ја извршува функцијата советник за надворешна политика во Кабинетот на претседателот Бранко Црвенковски. Бил и претседател на Државната изборна комисија, во периодот од 2004 до 2005 година. Претходно, од 1998 до 2001 година, работи како помошник-министер во

[37] Фотографијата е преземена од: http://www.makdenes.org/content/article/25286074.html (пристапено на 11.03.2014).

Министерството за внатрешни работи и како началник на Управата за аналитика и истражување во рамки на истото министерство.

Стево Пендаровски е доктор по филозофија, со докторат и магистратура при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје. Магистрирал на тема „Нова геополитика на Република Македонија: Контрадикциите на комунистичките и транзиционите матрици", а докторирал на тема „Надворешната и безбедносна политика на ЕУ и малите држави: рамката на националниот дискурс". Дипломирал на Правниот факултет во Скопје во областа на правните науки.

Тој е автор на повеќе книги и научни трудови објавени во Македонија и пошироко, како и учесник на многу научни конференции, јавни дебати и дискусии.

Стево Пендаровски во моментов има 51 година, роден е на 3 април 1963 година во Скопје. Оженет е со Елизабета Ѓоргиевска и има еден син.

## Зоран Поповски[38]



Зоран Поповски е универзитетски професор, раководител на Катедрата за биохемија и генетско инженерство при Факултетот за земјоделски науки и храна. Член е на Советот на Општина Карпош, откако беше избран на локалните избори во 2013 година. На претседателските избори 2014 тој влегува како кандидат на ГРОМ, партија која по своето формирање во 2013 година за првпат настапува на едни општи и непосредни избори.

Во периодот од 2002 до 2006 година работел како Државен секретар во Министерството за образование. На Факултетот за земјоделски науки и храна работи од 1992 година, а покрај тоа предава и на Технолошко-металлушкиот и Фармацевскиот факултет во Скопје.

Зоран Поповски дипломирал билогија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Магистерскиот степен по биохемија го добил на истиот факултет во 1999 година, а во 2002 година докторирал на примена на современи ДНК методи во анималната биотехнологија на Факултетот за земјоделски науки и храна.

Учествувал во повеќе интернационални и национални комисии и работни тела задолжени за образовни политики и реформи. Учествувал во изработката на Националната програма за развој на образованието од 2005 до 2015 година и на Националната програма за развој на научно-истражувачката дејност од 2006 до 2010 година. Автор е на повеќе од 100 научни трудови и стручни публикации, а учествувал и на голем број домашни и меѓународни научни коференции и собири.

Зоран Поповски во моментов има 51 година, роден е на 08 септември 1962 година во Скопје. Оженет е со Златка Стамболиска – Поповска и е татко на две деца – син и ќерка.

[38] Фотографијата е преземена од: http://grom.mk/wp-content/uploads/2013/12/sovet-nik-dr-zoran-popovski.jpg(пристапено на 11.03.2014).

# ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2014 ГОДИНА - РЕЗУЛТАТИ, КАМПАЊА, ОЦЕНКИ





## СПИСОК НА КРАТЕНКИ

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - АААМУ

Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ

Граѓанска алијанса за Македонија - ГРОМ

Демократска партија на Албанците - ДПА

Демократска унија за интеграција - ДУИ

Државен завод за ревизија - ДЗР

Државна изборна комисија - ДИК

Државна комисија за спречување на корупција - ДКСК

Македонската радио телевизија - МРТ

Општинска изборна комисија - ОИК

Организација за безбедност и соработка во Европа/Канцеларија за демократски институции и човекови права - ОБСЕ/ОДИХР

Социјалдемократски сојуз на Македонија - СДСМ

## ВОВЕД

На 13 и 27 април 2014 година се одржаа првиот и вториот круг од петтите претседателски општи избори во Република Македонија. Во двата круга на изборите победи кандидатот на владејачката Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) и актуелен претседател на Република Македонија, Ѓорге Иванов. Во првиот круг на изборите се натпреваруваа и: Стево Пендаровски, кандидат на опозициската Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Илјаз Халими, кандидат на опозициската Демократска партија на Албанците (ДПА) и Зоран Поповски, кандидат на вонпарламентарната партија Граѓанска алијанса за Македонија (ГРОМ). Во вториот круг влегоа само кандидатите Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски. На петтите претседателски избори беа запишани да гласаат вкупно 1.779.572 гласачи. Во првиот круг излегоа да гласаат 869.617 (48,86%), додека на вториот круг излегоа да гласаат 967.676 (54,38%) гласачи.

Претседателските избори беа распишани на 1 февруари 2014 година, а изборната кампања започна на 24 март 2014 година. Во текот на предизборниот период за претседателските избори поради несогласувања помеѓу коалиционите партнери ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ за номинирање на заеднички консензуален кандидат за претседател на Република Македонија, ДУИ поднесе иницијатива за самораспуштање на Собранието и распишување на предвремени парламентарни избори, која беше прифатена од сите присутни пратеници во Собранието. Како резултат на овие политички случувања на 27 април 2014 година, во ист ден со вториот круг од претседателските избори, беа закажани и одржани предвремени парламентарни избори. Кампањата за парламентарните избори започна на 5 април и се водеше паралелно со кампањата за претседателските избори. ДУИ која не номинираше кандидат за претседател, меѓу албанското етничко население водеше кампања која апелираше до граѓаните да не излегуваат да гласаат на претседателските избори. Оваа кампања предизвика значително намалување на одѕивот за претседателските избори во општините каде живее мнозинско етничко албанско население.

Претседателските избори ги набљудуваа вкупно 9.917 домашни и 489 странски набљудувачи во првиот круг, односно 10.013 домашни и 610 странски набљудувачи во вториот круг на изборите. Генералната оценка за претседателските избори беше дека тие биле ефикасно спроведени, кандидатите можеле слободно да ја водат својата кампања, а дека реториката и кампањата се заострила во втората половина од кампањата, односно со започнувањето на кампањата за предвремените парламентарни избори. Главните забелешки на набљудувачите всушност беа предизвикани од однесувањата на политичките партии во кампањата за парламентарните избори. Во продолжение, овој прирачник дава подетален осврт на изборната кампања, приходите и трошоците на претседателските кампањи, известувањето на медиумите, резултатите од изборите, почитувањето на избирачките права, оценка на изборите од набљудувачите на политичките партии и сумарни заклучоци за целокупниот изборен циклус.

## ИЗБОРНАТА КАМПАЊА И ФИНАНСИРАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ

Кампањата за избор на претседател започна на 24 март и во најголема мера се карактеризираше со позитивна промоција на кандидатите, но и со напади со кои противкандидатите се обидуваа да се претстават како антиподи на своите главни опоненти. Сите кандидати во поголема или помала мера како главни форми на кампања организираа митинзи и средби со граѓани, промовираа телевизиски реклами и спроведуваа Интернет кампања. Во сите четири кампањи за претседател беа организирани вкупно 62 митинзи и 8 средби со граѓани. Кампањата беше мирна и МВР утврди дека споредбено со претходните изборни циклуси досега, овојпат биле регистрирани најмал број на инциденти и нарушувања на јавниот ред и мир, односно само 9 инциденти и

нарушувања на јавниот ред и мир во кои била предизвикана мала и незначителна материјална штета.[39]

Актуелниот претседател и кандидат на ВМРО-ДПМНЕ Ѓорге Иванов водеше кампања под слоганот „Државата пред сѐ". Како придружни слогани во кампањата се упатуваа следниве пораки: „Ѓорге Иванов за претседател", „Цврсто на своите корени", „Цврсто и сигурно", „Вредност и традиција", „Гордо и достоинствено". Кампањата на Иванов беше покрената преку група на познати личности кои се нарекоа „Тим Македонија" и заедно со ВМРО-ДПМНЕ ги водеа изборните активности. На 14 март Иванов објави „Отчет на претседателот Ѓорге Иванов 2009-2014" кој претставува преглед на сработеното од негова страна во текот на првиот мандат. Ова од страна на ДИК беше оценето како предвремено започнување на изборна кампања, а ДИК донесе одлука да поднесе прекршочна постапка против организаторот на изборната кампања.[40] Исходот од оваа постапка сѐ уште не е познат, но доколку се утврди вина, организаторот на изборната кампања на Иванов ќе треба да плати глоба од 3.000 – 5.000 евра во денарска противредност. Иванов во своите говори потенцираше дека помеѓу институциите во државата треба да има соработка и единство, што, како што објаснуваше тој досега, било покажано во неговата работа и работата на Владата и донело резултати. Тој истакнуваше дека нема да прифати промена на Уставот за да би се променило уставното име на земјата или пак други предлози кои би го загрозиле македонскиот национален идентитет. Исто така истакнуваше дека во првиот мандат биле остварени сите предвидени проекти и дека ќе продолжи со спроведување на проекти за соработка со бизнис заедницата, отворање кон граѓаните, промовирање на науката, образованието и спортот.

Интернет кампањата на Иванов се водеше преку две посебни веб страни Ivanov.mk и timmakedonija.mk, како и преку веб страната на ВМРО-ДПМНЕ. Пред првиот круг на претседателските избори Иванов на својот Фејсбук профил, каде што активно се промовираше, имаше 90.171 следбеници, а до вториот круг овој број стигна до 100.517.[41] За овие избори, за разлика од претседателските избори во 2009 година,[42] Иванов немаше свој твитер профил.

Кампањата на кандидатот на СДСМ Стево Пендаровски се водеше со слоганот „Македонија заслужува претседател". Кампањата имаше три клучни аспекти. Прво, да го претстави Пендаровски како кандидат кој е спротивен на актуелниот претседател Иванов, односно да се претстави како претседател кој би вршел контрабаланс на политиките на Владата и кој би имал активна улога на политичката сцена. Второ, со придружниот слоган „Стево мојот претседател" кампањата се обидуваше да го доближи кандидатот до граѓаните. Трет клучен аспект од кампањата беше таргетирање на млади и гласачи од другите етнички заедници со најголем фокус кон албанската етничка заедница. Пендаровски истакнуваше дека во однос на прашањето за името тој се залага за државен став и консензус на сите релевантни политички чинители во однос на ова прашање, при што не смее да се допира ниедна витална компонента од националниот идентитет. Сѐ до почетокот на кампањата за парламентарните избори Пендаровски на митинзите и средбите со граѓани не беше придружуван од раководството и лидерот на СДСМ Зоран Заев, а со започнувањето на кампањата за парламентарните избори предизборните активностите почнаа да ги спроведуваа заедно.

Пендаровски имаше активна Интернет кампања преку Фејсбук каде што до крајот на првиот круг беше следен од 64.823 лица, а до крајот на вториот круг овој број порасна до 67.445 лица.[43] Неговиот твитер профил до крајот на вториот круг стекнал 1.945 следбеници.[44] Пендаровски немаше посебна веб страница за кампањата, а видеата од кампањата беа промовирани преку јутјуб каналот и веб страницата на СДСМ.

[39] Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, 25.04.2014 Оперативен штаб при МВР за потребите за изборите, Споредбено со претходните изборни циклуси досега најмал број на инциденти и нарушувања на ЈРМ http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=13451&mid=1367&tabId=358&tabindex=0 (пристапено на 25 април 2014 година)

[40] Државна изборна комисија, Соопштение од 78. Седница на Државната изборна комисија http://217.16.84.23/index.php?limitstart=32&lang=mk

[41] ЃОРГЕ ИВАНОВ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, https://www.facebook.com/macedonianpresident (пристапено на 11 април 2014 година и 27 април 2014 година)

[42] https://twitter.com/gjorgeivanov (пристапено на 11 април 2014 година)

[43] Stevo Pendarovski https://www.facebook.com/SPendarovski (пристапено на 11 април 2014 година и 27 април 2014 година)

[44] https://twitter.com/SPendarovski (пристапено на 27 април 2014 година)

Единствениот етнички Албанец кандидат за претседател Илјаз Халими, кој беше номиниран од ДПА, целокупната кампања ја базираше на придобивање на гласачите по етничка линија. Во таа насока неговата порака беше „За претседател Албанец", а придружна порака беше „Гласај за број 2". Кампањата на Халими се водеше на албански јазик, иако кандидатот укажуваше дека доколку биде избран, би бил претседател на граѓаните од сите етнички заедници. Во однос на прашањето за името, кандидатот Халими укажа дека ќе води активна политика за решавање на ова прашања, при што ќе ги вклучи сите политички партии и ќе се залага за компромис кој нема да го загрозува идентитетот на националностите и етничките заедници кои живеат во Македонија. Во оваа кампања клучно место заземаше лидерот на ДПА Мендух Тачи кој заедно со Халими имаше централна улога на митинзите на ДПА.

Халими имаше послабо присуство на Интернет и единствено на Фејсбук имаше профил посебно наменет за претседателската кампања. На овој профил до првиот круг на изборите Халими имаше стекнато 2.281 следбеници.[45] Останатото Интернет присуство на овој кандидат се реализираше преку веб страницата, јутјуб каналот и Фејсбук страницата на ДПА.

Кандидатот на ГРОМ, Зоран Поповски, ја водеше кампањата под слоганот „Храбар човек, горда држава" и „Храбро за Македонија", што беше и слоганот на партијата за парламентарните избори. Поповски се претставуваше како профил на претседател кој нема да дозволува неодговорно трошење на народните пари, ќе промовира подобри услови за домашните бизниси и за младите, ќе биде адвокат на граѓаните. Во однос на прашањето за името, Поповски, укажа дека не би отстапувал од црвените линии кои веќе се дефинирани во јавноста, односно неотстапување од уставното име и националниот идентитет на граѓаните, но дека треба да се разгледа употребата на двојната формула и лобирање за почеток на преговори за членство во Европска Унија без решено прашање за името.

45 Iljaz Halimi Per President https://www.facebook.com/iljazhalimiofficial (пристапено на 11 април 2014 година)



Преку профилот на Фејсбук Зоран Поповски стекна 1.600 следбеници,[46] а на твитер 333 следбеници.[47] Видеата од кампањата на Поповски беа пренесувани на јутјуб каналот на ГРОМ.

Паралелно со изборните кампањи за претседател, под слоганот „Не за еднострaн претседател" ДУИ водеше кампања меѓу етничките Албанци да не излегуваат да гласаат на претседателските избори. Средбите и собирите со граѓаните, етнички Албанци, кои ДУИ ги организираше за да ја објасни целта на кампањата започнаа во Кичево. ДУИ ја промовираше идејата дека претседателот на државата треба да се избира во законодавниот дом и да ја има поддршката од сите политичките партии на сите етнички заедници во земјата. Кампањата на ДУИ беше успешна меѓу нивните поддржувачи, па така на денот на изборите во избирачките места каде што доминира албанско етничко население голем дел од граѓаните не излегоа да гласаат.

За трошоците кои кандидатите ги имаат во изборната кампања тие се должни да достават вкупно три финансиски извештаи, доколку учествуваа само во првиот круг од гласањето или вкупно 4 финансиски извештаи, доколку учествуваа и во вториот круг од гласањето. Првиот извештај, кој се однесува на првите десет дена од кампањата, кандидатите беа должни да го достават на 11от ден од кампањата, односно на 3 април. Вториот извештај кандидатите беа должни да го поднесат еден ден по завршувањето на кампањата, на 12 април и тој се однесува за втората половина од кампањата. Сите кандидати навремено ги поднесоа првите два финансиски извештаи.

Кандидатите Иванов и Пендаровски кои учествуваа и во вториот круг, исто така беа должни на 26 април, еден ден пред одржувањето на вториот круг, да поднесат трет финансиски извештај кој се однесува за изборната кампања за вториот круг на гласање.[48] И двајцата кандидати

46 Зоран Поповски – Кандидат за претседател на Македонија http://goo.gl/VN2yMa (пристапено на 11 април 2014 година)

47 https://twitter.com/popovskiz (пристапено на 11 април 2014 година)

48 Државна изборна комисија, Претседателски избори 2014, Финансиски извештаи на каднидати за претседател на Република Македонија http://217.16.84.23/index.php?option=com_content&view=article&id=305:fin_izv&catid=29&Itemid=1278&lang=mk (пристапено на 27 април 2014 година)

навремено ги поднесоа овие финансиски извештаи. Последниот вкупен финансиски извештај сите кандидати се должни да го поднесат веднаш или најдоцна до 25 мај 2014 година, односно 30 дена по вториот круг од гласањето. Сите финансиски извештаи се поднесуваат до Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупција и Државниот завод за ревизија, а вкупниот финансиски извештај се поднесува и до Собранието на Република Македонија. Секој организатор на изборна кампања има право да потроши по 180 денари по регистриран гласач, односно вкупно 320.322.960 денари за својата изборна кампања (5,164,340 евра).[49] Секој организатор на изборна кампања чиј кандидат освоил најмалку 1,5% од вкупниот број на гласови од оние кои гласале, има право на надоместок од 15 денари по добиен глас, што се надоместува од Буџетот на Република Македонија.[50] Доколку организаторот на изборната кампања собрал повеќе средства од оние кои ги потрошил, тогаш истиот е обврзан вишокот средства да ги подари во добротворни цели.

Според поднесените финансиски извештаи најскапа изборна кампања спровел кандидатот Иванов кој до крајот на вториот круг потрошил 47.394.082 денари (766.895 евра). Во периодот до 26 април, тој собрал помалку средства од тие што ги потрошил, односно собрал 29.832.462 денари (482.726 евра). За да се надоместат ваквите разлики, донациите кандидатите можат да ги собираат најдоцна до 30 дена по вториот круг, односно до 25 мај, кога треба да го поднесат вкупниот финансиски извештај.

Неговиот опонент Стево Пендаровски до крајот на вториот круг потрошил вкупно 9.392.108 денари (151.976 евра) а, во истиот период собрал 9.880.742 (159.883), односно 488.634 денари (7.907 евра) повеќе отколку што потрошил.

Двајцата кандидати кои не влегоа во вториот круг, Халими и Поповски, потрошиле помалку средства отколку двајцата главни претенденти за функцијата претседател, Иванов и Пендаровски. Халими пријавил дека потрошил 509.226 денари (8.240 евра), а до 12 април собрал помалку донации од потрошените средства. Приходите на неговата кампања изнесуваат 200.000 денари (3.236 евра), со што до крајот на првиот круг имал за 309.226 денари (5.004 евра) помалку приходи отколку расходи.

Единствениот кандидат кој пријавил дека собрал скоро еднаква сума на средства колку што потрошил е кандидатот Зоран Поповски. Поповски пријавил дека до 25 април  имал расходи во износ од 830.000 денари (13.430 евра), а приходи во износ од 830.030 денари (13.431 евра).[51]

| Финансиски извештаи на кандидатите за претседател на Република Македонија[52] | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ѓорге Иванов | | Илјаз Халими | | Стево Пендаровски | | Зоран Поповски | |
| | Приходи | Расходи | Приходи | Расходи | Приходи | Расходи | Приходи | Расходи |
| Прв извештај 24 март - 2 април (рок 3 април) | 14.306.396 | 31.149.203 | 0 | 0 | 6.129.211 | 5.663.790 | 500.000 | 500.000 |
| Втор извештај 3 -11 април (рок 12 април) | 15.031.526 | 10.229.668 | 200.000 | 509.226 | 509.198 | 487.829 | 0 | 0 |
| Вкупно за прв круг | 29.337.922 | 41.378.871 | 200.000 | 509.226 | 6.638.409 | 6.151.619 | 500.000 | 500.000 |
| Трет извештај 14 - 25 април (рок 26 април) | 494.540 | 6.015.211 | / | / | 3.242.333 | 3.240.489 | 330.030 | 330.000 |
| Вкупно (денари) | 29.832.462 | 47.394.082 | 200.000 | 509.226 | 9.880.742 | 9.392.108 | 830.030 | 830.000 |
| Вкупно (евра) | 482.726 | 766.895 | 3.236 | 8240 | 159.883 | 151.976 | 13.431 | 13.430 |
| Разлика (денари) | -17.561.620 | | -309.226 | | 488.634 | | 30 | |
| Разлика (евра) | -284.168 | | - 5.004 | | 7.907 | | 0,485436893 | |

49 Пресметките во евра се правени по среден курс од 61,8

50 Изборен законик на Република Македонија (пречистен текст) 2014 година, Државна изборна комисија http://217.16.84.23/files/IzborenzakonikzaWEB1.pdf (пристапено на 10 април 2014 година)

51 На 25 април 2014 година организаторот на изборната кампања на Зоран Поповски поднел финансиски извештај за периодот од 12 до 25 април, иако за ова немал обврска бидејќи кандидатот не водел кампања за втор круг.

52 Прегледот на финансиски извештаи е направен врз основа финансиските извештаи кои организаторите на кампањите ги имаа поднесено соодветните државни органи заклучно со 8 мај 2014 година. До овој датум не беа поднесени вкупните финансиски извештаи за претседателските изборни кампањи, поради што прегледот не се однесува на целосните донации и трошоци на кампањата.

## МЕДИУМИ

Мониторингот на медиумите спроведен од ОБСЕ/ОДИХР[53] за време на кампањата за претседателските избори во првиот и вториот круг забележа „отсуство на анализа и независно известување" за активностите на претседателските кандидати. Генерално, мисијата на ОБСЕ/ОДИХР преку извештаите нотираше дека од квантитативен аспект медиумите се придржуваат до законските побарувања, додека од квалитативен аспект сликата е спротивна. Во одредена мера тоа се должи на тоа што најголемите медиуми се „под индиректна контрола на владејачката партија заради позицијата на владата како најголем поединечен нарачател на реклами".[54]

Извештаите нотираат појава на автоцензура кај медиумските субјекти, јасна пристрасност кон кандидатот Ѓорге Иванов и коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, како и негативно известување кон кандидатот Стево Пендаровски и опозициската СДСМ. Дополнително, јавниот сервис МТВ1 ги претставувал активностите на владејачката ВМРО-ДПМНЕ и кандидатот Ѓорге Иванов со позитивен тон за разлика од неутралниот тон кој бил заземен за останатите партии и кандидати. На сличен начин, јавниот сервис МТВ2 кој емитува програма на јазиците на немнозинските заедници известувал афирмативно за бојкотот на претседателските избори на коалициониот партнер во владата, ДУИ. Мониторингот на ОБСЕ/ОДИХР ги опфати електорнските медиуми МРТ1, МРТ2, ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Алфа, ТВ Телма и ТВ Алсат-М; и печатените: Дневник, Нова Македонија, Слободен печат и Коха.

ОБСЕ/ОДИХР забележуваат и на извештаите од мониторингот на медиумите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

53 Види ги изјавите на ОБСЕ/ОДИХР со прввичните наоди и заклучоци за изборите: ОБСЕ/ОДИХР, Меѓународна набљудувачка мисија за изборите во Република Македонија, Претседателски избори 13 април 2014 год. (2014) Изјава за прввичните наоди и заклучоци. Скопје, април, достапна на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/117647?download=true (пристапено на 13 мај 2014); и ОБСЕ/ОДИХР, Меѓународна набљудувачка мисија за изборите во Република Македонија, Претседателски и предвремени Парламентарни избори 27 април 2014 год. (2014) Изјава за прввичните наоди и заклучоци. Скопје, април, достапна на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/118079?download=true (пристапено на 13 мај 2014).

54 Цитатот е преземен од изјавата со прввични наоди и заклучоци за првиот круг претседателски избори на ОБСЕ/ОДИХР, стр. 10.



(АААМУ), тело задолжено за мониторинг на медиумското известување во изборниот период. Извештаите на АААМУ биле повеќе фокусирани на квантитативните аспекти на медиумското известување и со тоа биле занемарени квалитативните аспекти па тоа и оневозможува на Агенцијата да „утврди потенцијални прекршувања на законските барања сите јавни дифузери да обезбедат правично и непристрасно покривање".[55]

Според Изборниот законик, медиумите се обврзани да известуваат за кандидатите на претседателските избори на правичен, избалансиран и непристрасен начин. Дополнително, со последните измени на Изборниот законик од февруари 2014 беа воведени нови правила за медиумско известување во вестите на јавниот радиодифузен сервис, Македонската радио телевизија (МРТ). Според измените, јавниот радиодифузен сервис е должен да го распредели времето за известување на следниот начин: една третина е наменета за известување за дневните настани од земјата и светот; една третина е наменета за известување за активностите од кампањата на кандидатите на политичките партии на власт и една третина е наменета за известување за активностите од кампањата на кандидатите на политичките партии во опозиција. Времето кое се определува за секој кандидат е зависно од резултатите и освоените места на последните парламентарни избори. Како што е наведено во Изјавата за прввичните наоди и заклучоци за претседателските и предвремените парламентарни избори на ОБСЕ/ОДИХР, ваквиот начин на распределба не соодветствува со ставот 7.8 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ бидејќи создава пречки за одвојување на време за медиумско известување за кандидатите на вонпарламентарните партии. Сепак, МРТ одвои време надвор од наведените третини и за претставниците на вонпарламентарните партии врз база на препорака на АААМУ.

За првиот круг и врз основа на последните измени на Изборниот законик, времето за известување на МРТ беше поделено на следниот

55 Види ја изјавата на ОБСЕ/ОДИХР за вториот круг претседателски избори и предвремените парламентарни, стр. 10.

начин: една третина отпадна за известување за активностите на кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ Ѓорге Иванов (владејачката ДУИ немаше свој претседателски кандидат), а втората третина беше определена за известување на активностите на кандидатите на опозициските СДСМ и ДПА, Стево Пендаровски и Илјаз Халими, при што кандидатот на СДСМ има поголем процент од времето. Кандидатот на ГРОМ, Зоран Поповски, беше застапен во информативните емисии вон предвидените третини за известување, наменети за парламентарните партии.

Во однос на вториот круг од претседателските избори, кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски, имаа еднакво време за застапеност во информативните емисии на МТВ, секој во рамките на својата третина која ги сочинуваше нивните лични активности, но и активностите на политичките партии на власт и во опозиција поради поклопувањето на вториот круг претседателски со предвремените парламентарни избори.

АААМУ, како тело задолжено за мониторинг на известувањето на медиумите во изборниот период, во својот конечен извештај објави дека јавниот радиодифузен сервис за известувањето во првиот круг овозможил медиумско покривање во информативните емисии на кандидатите во рамки на законските обврски. Според извештајот, запазена била и поделбата на третини меѓу вестите од земјата и светот, вестите за кандидатите на власта и вестите за кандидатите на опозицијата. Воедно, во рамки на третините, кандидатите биле застапени согласно резултатите на последните парламентарни избори. МРТ одвоила време и за медиумско известување за претседателскиот кандидат на ГРОМ.[56]

Во однос на вториот круг претседателски избори, чија кампања се одвиваше паралелно со кампањата за предвремените парламентарни избори, АААМУ исто така констатираше известување соодветно со законските барања за активностите на Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски. Овие заклучоци од извештајот на АААМУ, кои ги покриваат и двата круга на претседателски избори, се однесуваат на сите медиуми во рамки на јавниот радиодифузен сервис: МРТ1, МРТ2 – Програма на албански јазик, МРТ2 – Програма на турски јазик и програмските сервиси на Македонското радио. МРТ овозможила и бесплатно политичко претставување на кандидатите во рамките на законските обврски.

Мониторингот на АААМУ го опфаќа и времето одвоено за директни обраќања на претседателските кандидати во информативните емисии на јавниот сервис. За првиот круг, најмногу време е одвоено за обраќањата на Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски. Илјаз Халими бил временски позастапен на сервисите МРТ 2 и Македонско радио 3 кои имаат програми на албански јазик. Ѓорге Иванов бил значително застапен, со директни обраќања, и на сервисите на албански јазик, за разлика од Стево Пендаровски кој на овие сервиси бил застапен значително помалку. Илјаз Халими и Зоран Поповски биле значително помалку застапени на МРТ 1, во споредба со застапеноста на Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски. Во поглед на вкупната застапеност на кандидатите во програмските сервиси на МРТ во првиот круг најзастапен бил Ѓорге Иванов со 74 директни обраќања во времетраење од 1 час, 22 минути и 35 секунди, додека Стево Пендаровски бил застапен со вкупно 65 обраќања во времетраење од 57 минути и 31 секунда. Илјаз Халими директно се обратил до гласачите преку јавниот радиодифузен сервис 69 пати во времетраење од 51 минута и 21 секунда (45 минути и 59 секунди од тие обраќања биле пренесени на сервисите на албански јазик). Зоран Поповски бил најмалку застапен, од сите кандидати, во поглед на директните обраќања – 56 пати, во вкупно времетраење од 24 минути и 29 секунди (види Табела 1).

56 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2014) Извештај од мониторингот на медиумското покривање за претседателските и предвремените парламентарни избори. Скопје, мај, достапен на: http://www.avmu.mk/images/Finalen_Izvestaj_Izbori_2014_-_nacionalni_mediumi.pdf (пристапено на 13 мај 2014).

| **Табела 1**: Директни обраќања на претседателските кандидати во информативните емисии на јавниот сервис (прв круг). Извор: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2014) | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Ѓорге Иванов** | | **Стево Пендаровски** | | **Илјаз Халими** | | **Зоран Поповски** | |
| **Медиум** | Обраќања | Време | Обраќања | Време | Обраќања | Време | Обраќања | Време |
| МРТ 1 | 18 | 0:13:50 | 19 | 0:19:40 | 14 | 0:02:22 | 12 | 0:01:58 |
| МРТ 2 | 18 | 0:27:47 | 12 | 0:07:29 | 18 | 0:25:08 | 12 | 0:07:29 |
| Македонско радио 1 | 20 | 0:24:26 | 18 | 0:22:07 | 19 | 0:03:00 | 18 | 0:10:04 |
| Македонско радио 3 – албански јазик | 18 | 0:16:32 | 16 | 0:08:15 | 18 | 0:20:51 | 14 | 0:04:58 |
| **Вкупно** | **74** | **1:22:35** | **65** | **0:57:31** | **69** | **0:51:21** | **56** | **0:24:29** |

Во вториот круг времето наменето за обраќања на претседателските кандидати, како и бројот на обраќања бил значително намален, а тоа пред сè се должи на истовременото одвивање на кампањата за предвремените парламентарни избори. Како во првиот, така и во вториот круг, кандидатот Ѓорге Иванов бил, повторно, повеќе застапен кај медиумите на албански јазик. Во однос на вкупниот број на директни обраќања и нивното времетраење, Ѓорге Иванов бил застапен со вкупно 32 обраќања со времетраење од 13 минути и 25 секунди, а Стево Пендаровски со вкупно 24 обраќања со времетраење од 10 минути и 32 секунди.

| **Табела 2:** Директни обраќања на претседателските кандидати во информативните емисии на јавниот сервис (втор круг). Извор: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2014) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Ѓорге Иванов** | | **Стево Пендаровски** | |
| **Медиум** | Обраќања | Време | Обраќања | Време |
| МРТ 1 | 4 | 0:00:37 | 7 | 0:03:12 |
| МРТ 2 | 8 | 0:02:55 | 5 | 0:01:40 |
| Македонско радио 1 | 10 | 0:05:53 | 7 | 0:04:10 |
| Македонско радио 3 – албански јазик | 10 | 0:04:00 | 5 | 0:01:30 |
| **Вкупно** | **32** | **0:13:25** | **24** | **0:10:32** |



Во поглед на комерцијалните медиуми, извештајот на АААМУ констатира „релативно избалансирано" известување за активностите на претседателските кандидати, со одреден фокус на кандидатите на двете најголеми партии при кампањата од првиот круг. Кандидатите биле балансирано застапени и во поглед на директните обраќања. Сепак, АААМУ констатира појави на негативно врамување на медиумското известување за поодделни кандидати во одредени медиуми (на пр. ТВ Алфа во неколку наврати при известувањето за кандидатот Пендаровски и СДСМ), како и експлицитно негативно известување за активностите на политичките субјекти (на пр: ТВ Сител за кандидатот Пендаровски и СДСМ). Негативното медиумско известување било главно насочено кон опозициската СДСМ и нејзиниот претседателски кандидат. Мониторингот на АААМУ опфати шест комерцијални телевизии: ТВ 24 Вести, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма.

За време на кампањата од првиот круг, повеќето од мониторираните комерцијални медиуми одвоиле најмногу време за известување за активностите на кандидатите на двете најголеми партии, Ѓорге Иванов и Стево Пендаровски. ТВ Алсат-М одвоила повеќе време за известување за активностите на Ијлаз Халими во споредба со другите кандидати. ТВ Сител одвоила, небалансирано, повеќе време за претставување на активностите на Ѓорге Иванов во споредба со другите кандидати – тој бил застапен цел еден час повеќе, со свои активности, во информативните емисии од кандидатот Стево Пендаровски. ТВ Телма одвоила повеќе време за активностите на Стево Пендаровски во споредба со останатите кандидати. Земено вкупно, за време на кампањата од првиот круг, Ѓорге Иванов бил застапен со 3 часа, 43 минути и 51 секунда на шестте комерцијални медиуми, Стево Пендаровски со 3 часа, 41 минута и 11 секунди, Илјаз Халими со 2 часа, 31 минута и 44 секунди и Зоран Поповски со 2 часа, 18 минути и 47 секунди (види Табела 3).

**Табела 3**: Известување за кандидатите во информативните емисии на 6 комерцијални медиуми (прв круг). Извор: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2014)

| **Медиум** | **Ѓорге Иванов** | **Стево Пендаровски** | **Илјаз Халими** | **Зоран Поповски** |
|---|---|---|---|---|
| ТВ 24 Вести | 0:44:16 | 0:47:36 | 0:29:15 | 0:32:15 |
| ТВ Алсат-М | 0:36:59 | 0:39:29 | 0:49:10 | 0:32:58 |
| ТВ Алфа | 0:28:28 | 0:27:20 | 0:14:41 | 0:12:37 |
| ТВ Канал 5 | 0:57:26 | 0:38:08 | 0:20:50 | 0:23:48 |
| ТВ Сител | 1:33:58 | 0:32:32 | 0:20:22 | 0:20:46 |
| ТВ Телма | 0:25:44 | 0:36:06 | 0:17:26 | 0:16:23 |
| **Вкупно** | **3:43:51** | **3:41:11** | **2:31:44** | **2:18:47** |

Во вториот круг, повторно, повеќето од мониторираните комерцијални медиуми одвојувале еднакво време за двајцата кандидати, со исклучок на ТВ Канал 5 која одвоила двојно повеќе време за Ѓорге Иванов и ТВ Сител која одвоила 1 час 2 минути и 52 секунди за Ѓорге Иванов, а само 8 минути и 41 секунда за известување на активностите на Стево Пендаровски. Исто така, ТВ Алфа одвоила нешто повеќе време за известување за Ѓорге Иванов. Сумирано, активностите на Ѓорге Иванов биле пренесени од комерцијалните медиуми во вкупно времетраење од 1 час, 39 минути и 25 секунди, а активностите на Стево Пендаровски во времетраење од 1 час, 17 минути и 31 секунда (види Табела 4).

**Табела 4**: Известување за кандидатите во информативните емисии на 6 комерцијални медиуми (втор круг). Извор: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2014)

| **Медиум** | **Ѓорге Иванов** | **Стево Пендаровски** |
|---|---|---|
| ТВ 24 Вести | 0:14:04 | 0:14:08 |
| ТВ Алсат-М | 0:21:29 | 0:17:57 |
| ТВ Алфа | 0:15:55 | 0:09:42 |
| ТВ Канал 5 | 0:34:20 | 0:15:13 |
| ТВ Сител | 1:02:52 | 0:08:41 |
| ТВ Телма | 0:10:45 | 0:11:50 |
| **Вкупно** | **1:39:25** | **1:17:31** |



Во поглед на застапеноста на кандидатите во комерцијалните медиуми со директни обраќања во информативните емисии при кампањата од првиот круг, најголема неизбалансираност се забележува во известувањето на ТВ Сител во корист на Ѓорге Иванов. Останатите медиуми генерално покажале избалансиран приод кон сите кандидати во поглед на директните обраќања. Земено севкупно, Ѓорге Иванов бил застапен во комерцијалните медиуми со 169 обраќања во времетраење од 1 час, 52 минути и 13 секунди, Стево Пендаровски со 146 обраќања во времетраење од 1 час, 41 минута и 57 секунди, Илјаз Халими со 135 обраќања во времетраење од 1 час, 9 минути и 27 секунди, а Зоран Поповски со 124 обраќања во времетраење од 1 час, 4 минути и 53 секунди.

**Табела 5**: Директни обраќања на претседателските кандидати во информативните емисии на 6 комерцијални медиуми (прв круг). Извор: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2014)

| | **Ѓорге Иванов** | | **Стево Пендаровски** | | **Илјаз Халими** | | **Зоран Поповски** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Медиум** | Обраќања | Време | Обраќања | Време | Обраќања | Време | Обраќања | Време |
| ТВ 24 Вести | 24 | 0:16:32 | 20 | 0:18:19 | 21 | 0:13:02 | 20 | 0:12:05 |
| ТВ Алсат-М | 33 | 0:16:20 | 32 | 0:19:45 | 35 | 0:20:51 | 27 | 0:14:27 |
| ТВ Алфа | 26 | 0:13:36 | 27 | 0:15:15 | 19 | 0:07:10 | 16 | 0:06:41 |
| ТВ Канал 5 | 39 | 0:21:07 | 36 | 0:20:24 | 26 | 0:12:25 | 31 | 0:12:14 |
| ТВ Сител | 30 | 0:30:29 | 15 | 0:07:30 | 19 | 0:05:58 | 15 | 0:06:20 |
| ТВ Телма | 17 | 0:14:09 | 16 | 0:20:44 | 15 | 0:10:01 | 15 | 0:13:10 |
| **ВКУПНО** | **169** | **1:52:13** | **146** | **1:41:57** | **135** | **1:09:27** | **124** | **1:04:53** |

За кампањата од вториот круг комерцијалните медиуми ги пренеле директните обраќања на кандидатите претежно избалансирано со исклучок ТВ Сител која одвоила 19 минути и 41 секунда за обраќањата на Ѓорге Иванов, а 1 минута и 3 секунди за Стево Пендаровски. Земено севкупно Ѓорге Иванов бил застапен со вкупно 60 обраќања во времетраење од 54 минути и 21 секунда, а Стево Пендаровски со 52 обраќања во времетраење од 29 минути и 14 секунди (види Табела 6). Извештајот на АААМУ не содржи податоци за бројот на обраќања

на ТВ Алфа и ТВ Сител, но содржи податоци за времетраењето на тие обраќања.

**Табела 6**: Директни обраќања на претседателските кандидати во информативните емисии на 6 комерцијални медиуми (втор круг). Извор: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2014)

| | **Ѓорге Иванов** | | **Стево Пендаровски** | |
|---|---|---|---|---|
| **Медиум** | Обраќања | Време | Обраќања | Време |
| ТВ 24 Вести | 15 | 0:07:49 | 13 | 0:06:59 |
| ТВ Алсат-М | 20 | 0:10:30 | 14 | 0:06:52 |
| ТВ Алфа | / | 0:03:46 | / | 0:02:55 |
| ТВ Канал 5 | 16 | 0:07:48 | 15 | 0:06:15 |
| ТВ Сител | / | 0:19:41 | / | 0:01:03 |
| ТВ Телма | 9 | 0:04:47 | 10 | 0:05:10 |
| **ВКУПНО** | **60** (без ТВ Алфа и ТВ Сител) | **0:54:21** | **52** (без ТВ Алфа и ТВ Сител) | **0:29:14** |

Вредно е да се спомене дека во текот на кампањата за првиот круг, на 5 април, беше прикажана единствената дебата на која присуствуваа сите претседателски кандидати. Дебата беше прикажана на МРТ 1 како снимка. На 10 април, ТВ 24 Вести емитуваше уште една дебата меѓу претседателските кандидати, на која учествуваа сите кандидати освен кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ Ѓорге Иванов. Повеќе комерцијални телевизии емитуваа и посебни интервјуа со претседателските кандидати.

*****

Во текот на изборната кампања АААМУ примила 60 приговори од СДСМ поврзани со медиумите кои биле одбиени како неосновани. Агенцијата покренала и 12 прекршочни постапки против 8 радиодифузери, претежно поради кршење на правилата за платено политичко рекламирање.[57]

[57] ОБСЕ/ОДИХР, Меѓународна набљудувачка мисија за изборите во Република Македонија, Претседателски и предвремени Парламентарни избори 27 април 2014 год. (2014) Изјава за првичните наоди и заклучоци. Скопје, април, стр. 11, достапна на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/118079?download=true (пристапено на 13 мај 2014)



## РЕЗУЛТАТИ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ

Кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ и актуелен претседател, Ѓорге Иванов, освои најмногу гласови во двата круга од изборите и победи на претседателските избори 2014. Во првиот круг од претседателските избори Иванов освои 449.442 гласови, односно 51,69% од гласовите, додека кандидатот на СДСМ, Стево Пендаровски, освои 326.164 гласови, односно 37,51% од гласовите. Во првиот круг ни еден од кандидатите не освои мнозинство од гласовите на запишаните избирачи, односно Иванов освои 25,26%, а Пендаровски 18,33%, од вкупниот број на запишани избирачи во Избирачкиот список, поради што беше одржан втор круг на претседателските избори.

Кандидатите на ДПА и на ГРОМ не влегоа во вториот круг. Кандидатот на ДПА, Илјаз Халими, освои 38.966 гласови, односно 4,48% од гласовите, а кандидатот на ГРОМ, Зоран Поповски, 31.368 гласови, односно 3,61% од гласовите. Бројот на гласачи кои во првиот круг го поништија својот глас изнесува 23.677, односно 2,72% од гласачите го направија тоа. На првиот круг од претседателските избори излегоа да гласаат помалку од половина запишани избирачи, односно 869.617 граѓани што изнесува 48,86% од вкупно 1.779.572 граѓани кои имаа право на глас.

| **Прв круг**[58] | **Ѓорге Иванов** | **Илјаз Халими** | **Стево Пендаровски** | **Зоран Поповски** | **Неважечки ливчиња** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Запишани избирачи** | | | | | | 1.779.572 |
| **Избирачи кои гласале** | 449.442 | 38.966 | 326.164 | 31.368 | 23.677 | 869.617 |
| **% од избирачи кои гласале** | 51,69% | 4,48% | 37,51% | 3,61% | 2,72% | 100% |
| **% од запишани избирачи** | 25,26% | 2,19% | 18,33% | 1,76% | 1,33% | 48,86% |

[58] Државна изборна комисија, Предвремени парламентарни и претседателски избори 2014, Претседателски избори - прв круг http://rezultati.sec.mk/President/Results?cs=mk-MK&r=1&rd=r&eu=All&m=All&ps=All П (пристапено на 15 април 2014 година)

Иванов во вториот круг на изборите освои 534.910 гласови, односно 55,28% од гласовите, кандидатот на СДСМ Стево Пендаровски освои 389.077 гласови, односно 41,14% од гласовите. Во вториот круг 34.707 гласачи ги поништиле своите гласови, што изнесува 3,58% од гласовите. Вкупниот број на гласачи кои гласаа во вториот круг изнесува 54,38%, односно гласаа вкупно 967.676 од вкупно регистрирани 1.779.572 гласачи. Истовременото одржување на предвремените парламентарни избори со вториот круг од претседателски избори придонесе околу 100 илјади гласачи повеќе да гласаат во вториот отколку во првиот круг.

| Втор круг[59] | Ѓорге Иванов | Стево Пендаровски | Неважечки ливчиња | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Запишани гласачи | | | | 1.779.572 |
| Избирачи кои гласале | 534.910 | 398.077 | 34.707 | 967.676 |
| % од избирачи кои гласале | 55,28% | 41,14% | 3,58 % | 100% |
| % од запишани избирачи | 30,06% | 22,37% | 1,95% | 54,38% |

Интересот на гласачите да гласаат на претседателските избори се намалува во секој изборен циклус. Па, така додека на првите претседателски избори, кои се одржаа во 1994 година, гласале 77,44% од гласачите, на изборите во 2014 година гласаа околу триесет проценти помалку гласачи во споредба со изборите во 1994 година, поточно 48,86% од вкупниот број на запишани гласачи. Истовременото одржување на претседателските избори и со други избори како што беше во 2009 година, кога истовремено се одржаа и локалните избори, како и оваа година кога вториот круг од претседателските избори се одржа заедно со предвремени парламентарни избори, придонесува за поголем одзив и на претседателските избори.

[59] Државна изборна комисија, Предвремени парламентарни и претседателски избори 2014, Претседателски избори - втор круг http://rezultati.sec.mk/President/Results_R2?cs=mk-MK&r=3&rd=r&eu=All&m=All&ps=All П(пристапено на 29 април 2014 година)




Излезност на претседателски избори во Македонија од 1994 до 2014 година[60]

Граѓаните на Република Македонија во странство за првпат имаа можност да го дадат својот глас за претседателските избори. Сепак, за гласање во странство, не пројавија голем интерес и се пријавија само 8.332 гласачи. Во првиот круг излегоа да гласаат помалку од половина од нив, поточно 3.062 гласачи, што изнесува 44,01% од оние кои се пријавија. Во вториот круг излегоа да гласаат 4.683 од пријавените гласачи во странство, односно 52,42%.

[60] Државна изборна комисија на Република Македонија http://217.16.84.23/index.php?lang=mk

## ЗАШТИТА НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО

Изборниот законик ја гарантира заштитата на избирачкото право за избирачите и за подносителите на листи за кандидат за претседател. Законската рамка поставува и механизми според кои избирачите и подносителите на листи можат да се заштитат од повреди на избирачкото право, како и санкции за прекршителите.

Претставниците на подносителите на листи во избирачките места имаат право да реагираат на евентуални неправилности при подготовките и во текот на гласањето, со цел тие да бидат отстранети. Во такви случаи, сите забелешки кои подносителите ги имаат треба да бидат внесени во записникот и од таму претставуваат основа за натамошна постапка во случај на повреда на избирачкото право. Доколку забелешките не се внесени во записникот, подносителите имаат право да ги поднесат истите забелешки до општинските изборни комисии (ОИК) во рок од 5 часа по потпишување на записникот. Претставниците на подносителите на листите во избирачките места можат да реагираат во случај на неправилности при предавањето и евидентирањето на изборниот материјал, при утврдување на состојбата на избирачкото место пред почетокот на гласањето, како и во однос на работата на избирачките одбори за време на гласањето. Претставниците на подносителите на листите во ОИК имаат право да поднесат забелешки во однос на неправилности при сумирањето и утврдување на резултатите од избирачките места. Овие забелешки се внесуваат во записникот на ОИК и претставуваат основа за евентуална натамошна постапка против повреда на избирачкото право.

Постапката за заштита на избирачкото право е итна. Секој подносител на листа може да поднесе приговор до Државната изборна комисија (ДИК) во однос на постапките на гласање, сумирање и утврдување на резултатите во рок од 48 часа по завршувањето на гласањето, односно објавувањето на изборните резултати. ДИК е должна да донесе одлука во рок од 48 часа по добивањето на приговорот, а подносителот може да поднесе тужба против одлуката на ДИК до Управниот суд во рок од 48 часа.

Избирачите можат да поднесат приговор до ДИК за повреда на избирачкото право во постапката на гласање во рок од 24 часа по завршувањето на гласањето. ДИК е должна по таквите приговори да одлучи во рок од 4 часа по приемот. Избирачот има право да поднесе тужба против одлуката на ДИК до Управниот суд во рок од 24 часа по приемот на решението. Во случај избирачот да поднесе приговор кон дејствијата на избирачкиот одбор во време кога гласањето е сѐ уште во тек и доколку ДИК го потврди приговорот, на избирачот ќе му се овозможи да го оствари избирачкото право.

Управниот суд е последна инстанца која одлучува по приговорите за заштита на избирачкото право. Одлуката на судот се носи во рок од 48 часа по приемот на тужбата.

Во законскиот рок од 48 часа за доставување на приговори од страна на подносителите на листи за кандидат за претседател, и за првиот и за вториот круг не беше поднесен ниту еден приговор до ДИК. Исто така, во законскиот рок од 24 часа за доставување на приговори од страна на избирачите, не беше доставен ниту еден приговор до ДИК за повреда на избирачкото право ни за првиот ни за вториот круг на претседателските избори.[61]

[61] До ДИК нема приговори за првиот круг од изборите. Радио Слободна Европа на македонски, 16 април 2014, http://www.makdenes.org/content/news/25351553.html (пристапено на 7 мај 2014); Иванов и официјално го доби вториот претседателски мандат. МРТ1, 30 април 2014, http://www.mrt.com.mk/node/8362 (пристапено на 7 мај 2014).

## ОЦЕНКА НА ИЗБОРИТЕ ОД НАБЉУДУВАЧИТЕ

Во првиот круг на претседателските избори беа акредитирани вкупно 9.197 домашни и 489 странски набљудувачи, а за вториот круг на претседателските избори кој се одржуваше истовремено со предвремените парламентарни избори бројот на домашни набљудувачи се зголеми на 10.013, а бројот на странските набљудувачи се зголеми на 610.[62]

Здружението за хуманитарни активности СИНЕРГИЈА, во двата круга, ги набљудуваше изборите со најголем број набљудувачи, 4.970 во првиот круг и 5.090 во вториот круг. По нив, во првиот круг, следува Здружението на граѓани за демократизација и подигнување на колективната свест „Движење ВЕПРО" - Струга кое во двата круга имааше по 2321 набљудувачи. Граѓанската асоцијација МОСТ во првиот круг имаше 1.815 набљудувачи, а во вториот имаше втора најголема набљудувачка мисија со 2.413 набљудувачи. ЦИВИЛ – Центар за слобода во првиот круг имаше 76 набљудувачи, а во вториот 113 набљудувачи. Со мал број на набљудувачи, во вториот круг, учествуваа Здружение ПЛОШТАД СЛОБОДА со 33 набљудувачи, Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид од Скопје со 28 набљудувачи, а Здружението на граѓани „Центар за развој на медиумите Скопје" имаше по 9 набљудувачи во двата круга, а Македонскиот центар за култура по 6 набљудувачи во двата круга.

Организација за безбедност и соработка во Европа/Канцеларија за демократски институции и човекови права (ОБСЕ/ОДИХР) која имаше 202 во првиот и 252 набљудувачи во вториот круг , во соработка со Парламентарното собрание на Советот на Европа кое имаше 21 во првиот и 27 набљудувачи во вториот круг спроведоа најголема странска набљудувачка мисија. Мисијата на ОБСЕ во Скопје, одделно, имаше

[62] Види Државна изборна комисија, Претседателски избори 2014 година, Предвремени парламентарни избори 2014 година http://217.16.84.23/files/izbori2014/2_tabela_akreditirani_nabljuduvaci.pdf и http://217.16.84.23/files/izbori2014/21Tabela_na_akreditirani_nabljuduvaci.pdf (пристапено на 24 април 2014 година)



дополнителни 91 набљудувачи во првиот круг и 103 набљудувачи во вториот круг, амбасадите на САД, Словенија, Шведска, Бугарија, Косово, Хрватска, Полска, Кралството Холандија, Србија, Црна Гора, Грција, Кина, Словачка, Германија, Австрија, Турција, Катар, Шпанија, Италија, Франција, Швајцарија и Делегацијата на Европската Унија во Македонија, исто така, ги набљудуваа изборите со помал број на набљудувачи. Во вториот круг бројот на набљудувачи од други држави беше дополнет со претставници на амбасадата на Руската Федерација, Канцеларијата на НАТО, Централна изборна комисија на Грузија, Комисија за изборни жалби и приговори (ECAP) на Република Косово, Централна изборна комисија на Република Косово, амбасада на Албанија и Централна изборна комисија на Република Албанија. Само во првиот круг помала набљудувачка мисија со 31 набљудувач имаше и данската организација „СИЛБА" во соработка со Асоцијацијата за напредок, едукација и лобирање НЕЛ – Скопје.

Првиот круг на изборите го следеа и 28 странски новинари, односно новинари од агенцијата Фокус и Радио Фокус од Бугарија, Ал Џезира Балкан, Турска радио телевизија Турк, АРД Германско радио и ТВ Ројтерс - Србија. Во вториот круг, бројот на новинари се зголеми на 42, односно дополнително беа акредитирани новинари од Топ Канал – Тирана, Радио Телевизија Турција, Агенција Франц Прес, Асошиетед Прес, Телевизија „Коха Визион" Приштина и Радио телевизија Србија.

Генералната оценка на мисијата на ОБСЕ/ОДИХР за двата круга на претседателските избори[63] беше дека изборите биле ефикасно спроведени, а кандидатите можеле слободно да ја водат својата кампања. На прес конференцијата која ја одржа набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР по вториот круг на претседателските избори и предвремените парламентарни избори, претставниците на

[63] Види ги двата извештаи на мисијата на ОБСЕ/ОДИХР: Меѓународна набљудувачка мисија за изборите поранешна југословенска република Македонија, Претседателски избори, 13 април 2014 год. Изјава за првичните наоди и заклучоци. (пристапено на 14 април 2014 година) http://www.osce.org/mk/odihr/elections/117647?download=true и: Меѓународна набљудувачка мисија за изборите (МНМИ) поранешна југословенска република Македонија, Претседателски и предвремени Парламентарни избори, 27 април 2014 год. Изјава за првичните наоди и заклучоци. http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/118079?download=true (пристапено на 28 април 2014 година);

мисијата укажаа дека бојкотот што го најави опозицијата веднаш по завршувањето на изборите не е демократски инструмент и дека политичките партии треба да се служат со политички средства.[64]

Денот на гласањето, од страна на ОБСЕ/ОДИХР, беше оценет како позитивен и добро организиран и за првиот и за вториот круг од претседателските избори, за оние гласачки места кои ги набљудувале. Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР забележа дека во првиот круг во сите општини кои биле посетени гласањето и сумирањето на гласовите било добро и транспарентно организирано, освен во општината Шуто Оризари каде што биле забележани поголем број нерегуларности. Во извештајот за вториот круг се наведува дека главна нерегуларност која била забележана било групното гласање. Се забележува дека за вториот круг избирачките одбори не ги следеле инструкциите на ДИК да им укажат на гласачите дека можат да гласаат само на на едни или и на двата изборни процеси, додека во деловите каде претежно живеат етнички Албанци избирачките одбори им укажувале на гласачите да не го земаат гласачкото ливче за претседателските избори. ОБСЕ/ОДИХР нотираше дека и во двата круга имало случаи кога некои затвореници и покрај тоа што имале важечки лични карти не биле вклучени во Избирачкиот список поради што не можеле да гласаат.

МОСТ[65] оценува дека денот на гласањето во двата круга поминал мирно и дека има подобрување во начинот како се спроведуваат процедурите за отворање на избирачките места, гласањето и броењето на гласовите. За гласањето во првиот круг МОСТ забележува повторување на практиката на избирачките одбори, на глас да се читаат имињата на гласачите со што се нарушува тајноста на гласот,

64 Радио Слободна Европа, ОБСЕ - Ефикасно спроведени избори, но проблемите остануваат, среда 30 април 2014 година http://www.makdenes.org/content/article/25365682.html (пристапено на 28 април 2014 година)

65 Види ги двете прелиминарни изјави на МОСТ: Прелиминарна изјава - 12.30 - 14.04.2014 http://www.most.org.mk/index.php/mk/ongoing-projects/-2014/307--1230-1404201 4 (пристапено на 14 април 2014 година) Граѓанска асоцијација МОСТ, Претседателски и предвремени парламентарни избори 2014, Прелиминарна изјава 28.04.2014, Скопје http://most.org.mk/images/MOST/Preliminarna%20izjava_vtor%20krug_28%2004%20 2014_MKD.pdf (пристапено на 28 април 2014 година)



присуство на лица кои ги евидентирале гласачите пред објектите каде се лоцирани гласачките места, но и дека имало помал број на случаи на семејно гласање во однос на претходни изборни циклуси. МОСТ забележал дека во првиот круг 1.268 лица не можеле да се пронајдат во Избирачкиот список. За вториот круг МОСТ забележува дека, споредено со првиот, имало повеќе случаи на групно и семејно гласање, се вршело притисок на гласачите да излезат да гласаат и имало агитирање и евидентирање на гласачите. Како и ОБСЕ/ОДИХР, и МОСТ забележува дека во вториот круг избирачките одбори влијаеле врз тоа на кои избори ќе гласаат гласачите.

Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР ја оцени кампањата како активна и инклузивна. Главна забелешка на кампањата на претседателскиот кандидат Иванов е дека имала јасна и видлива поддршка од Владата со што е прекршен ставот 5.4 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 година и стандардите на Советот на Европа со кој се бара раздвојување на партијата од државата. Извештајот исто така нотира дека сите кампањи биле насочени кон гласачи од своите етнички заедници, со исклучок на кампањата на кандидатот Пендаровски која била насочена и кон албанската етничка заедница, а на митинзите меѓу присутните доминирале мажи. Јазикот кој се користеше во кампањата е оценет како умерен и цивилизиран, со зголемување на негативниот тон при крајот на кампањата. Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР евидентирала определен број на наводи за притисок врз вработените во јавната администрација за присуство на настани од кампањата, ветувања или закани за вработувања, барања државни службеници да обезбедат список на гласачи кои би гласае за владејачката партија и слично, кои мисијата ги смета за веродостојни.

МОСТ како главни негативни забелешки на кампањата нотираше дека кампањата била започната предвремено и дека во кампањите на сите политички субјекти биле злоупотребувани малолетниците. Како позитивни забелешки за првиот круг на претседателските избори извештајот нотира помал интензитет на негативна кампања и помалку

користење на службени возила. За кампањата која се одвиваше за вториот изборен круг МОСТ забележува користење на службени возила за митинзи, заострување на кампањата, водење на негативна кампања, мобилизација на гласачи по етничка основа од страна на некои партии, демолирање на 4 партиски штабови и инциденти помеѓу активисти од различни партии.

Работата на Државната изборна комисија, мисијата на ОБСЕ/ОДИХР ја оцени како ефикасна и отворена, но во неколку случаи биле одржани седници на кои ДИК не ги поканила да присуствуваат медиумите и набљудувачите. Главна забелешка е дека имало видлива поделеност меѓу членовите на ДИК од различните политички партии и гласање по партиска линија за сите прашања кои имале политичка тежина, што го нотираше и МОСТ која исто така забележува дека во овој изборен циклус ДИК била помалку транспарентна во споредба со претходно. Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР ја критикува слабата комуникација на ДИК со општинските изборни комисии во двата изборни круга што довело до забуни во врска со процедурите. МОСТ посебно внимание посветува на тоа дека ДИК не ги има објавено податоците за јавниот увид на Избирачките списоци за двата изборни циклуси, поради што МОСТ поднеле барање за пристап до информациите од јавен карактер, но до издавање на извештајот сè уште немале добиено одговор.

Следењето на медиумите од страна на ОБСЕ/ОДИХР покажало дека има разлика помеѓу квантитативното и квалитативното информирање за учесниците во изборната кампања од страна на медиумите, недостиг на анализа, недостиг на независно информирање и пристрасност кон владејачката ВМРО-ДПМНЕ и кандидатот Иванов, негативност спрема СДСМ и кандидатот Пендаровски, а помеѓу медиумите на албански јазик пристрасност кон ДУИ. Тие заклучиле дека јавниот сервис преку своите програми МРТ 1 и МРТ 2 бил приклонет кон кандидатот Иванов, а неутрален кон другите кандидати, а во програмата на МРТ 2 бил даден широк простор за активностите на ДУИ и нивната кампања за да не се гласа. Извештајот исто така оценува дека телевизиите Сител, Канал 5 и Алфа биле позитивни или неутрални при известување за Иванов, а негативни при известување за кандидатот Пендаровски. Исто така е нотирано дека овие три медиуми објавуваат одредени теми со слична содржина против СДСМ и се толкува дека истите доаѓаат од неидентификувани или анонимни извори. Телевизиите Телма, Вести 24 и Алсат-М се оценети дека известувале поизбалансирано, неутрално и со сличен сооднос за главните противкандидати.

Делегацијата на Европската унија и Амбасадата на САД во Република Македонија дадоа заедничка изјава со оценка и коментар за изборите.[66] Изјавата содржи признание за граѓаните кои го искористиле своето право на глас и повторување на оценката на ОБСЕ/ОДИХР во однос на ефикасноста на изборите, медиумска пристрасност, спојување на државни и партиски активности. Претставниците на ЕУ и САД изразија очекување дека идната влада ќе ги адресира овие забелешки и очекување од сите политички лидери да имаат конструктивен пристап во реформите за евроатланска интеграција на земјата.

[66] Амбасадата на Соединетите американски држави, Скопје, Македонија, Соопштенија за медиумите 2014, Заедничка изјава на Делегацијата на ЕУ и Амбасадата на САД 29 април 2014 http://photos.state.gov/libraries/macedonia/8573/ArchivePDFsApril2014/pr04292014mac.pdf Пристапено на 2 мај 2014 година

## ОЦЕНКА НА ИЗБОРИТЕ ОД ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Во однос на првиот круг од одржувањето на претседателските избори, политичките партии, кои се натпреваруваа, како и самите кандидати излегоа во јавноста со различни оценки за спроведувањето на изборниот ден и предизборниот период. Владејачката ВМРО-ДПМНЕ ги оцени изборите како мирни, фер и демократски, додека опозициската СДСМ изнесе обвинувања за „системска кражба на гласови". ДПА ја критикуваше слабата излезност кај албанскиот електорат, припишувајќи ја на притисок врз гласачите од најголемата партија на етничките албанци, ДУИ. Партијата ГРОМ, која за прв пат учествуваше на избори, го оцени првиот круг како „релативно фер и демократски", но изрази сомнеж за постоењето на голем број на неважечки гласачки ливчиња.

ВМРО-ДПМНЕ изборите од првиот круг ги оцени како мирни, фер и демократски. Партијата изрази задоволство за остварените резултати и ги повика граѓаните (на) да дадат уште поголема поддршка во вториот круг. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, по затворањето на избирачките места изјави дека изборниот резултат од првиот круг дава надеж дека на 27 април, освен победата на претседателските избори во вториот круг, партијата ќе успее да освои 62 пратенички мандати во рамки на предвремените парламентарни избори.[67] Актуелниот претседател на Република Македонија и кандидат на изборите поддржан од ВМРО-ДПМНЕ, Ѓорге Иванов, изрази благодарност до гласачите и порача дека по одржаниот прв круг „Македонија е најголемиот победник". На својата прес конференција, Иванов потенцираше дека изборите биле мирни, фер и демократски.[68]

Сосема спротивно, опозициската СДСМ ги оцени изборите од првиот круг како нефер и недемократски. Лидерот Зоран Заев изјави дека изборниот резултат според партијата, а и по нивно мислење

[67] Груевски: Народот покажа какви вредности поддржува. МРТ1, 13 април 2014, http://www.mrt.com.mk/node/7544 (пристапено на 7 мај 2014).

[68] Иванов: Македонија е најголемиот победник. Веб-страница на Ѓорге Иванов за изборите, 14 април 2014: http://ivanov.mk/web/?p=949 (пристепено на 7 мај 2014).



за мнозинството граѓани е неочекуван, како и дека е спроведена „системска кражба на гласови".[69] Претседателскиот кандидат Стево Пендаровски изјави дека е убеден дека и во услови на системски притисоци и систематски закани и уценувања може да се дојде до победа во вториот круг.[70] Најголемата опозициска партија упати порака до граѓаните за продолжување на борбата против актуелната власт во вториот круг на претседателски избори.

ДПА, која го поддржа единствениот етнички Албанец во претседателската трка, Илјаз Халими, изрази задоволство од бројот на освоените гласови, но и ја критикуваше слабата излезност кај албанскиот електорат. Лидерот на ДПА, Мендух Тачи, ја објасни слабата излезност со притисоци од страна на ДУИ врз гласачите Албанци да не излегуваат на избори, изјавувајќи дека „нула излезноста" во одредени избирачки места е „одраз на диктатура". Претседателскиот кандидат Илјаз Халими изјави дека ги почитува и оние гласачи албанци кои не излегле на гласање затоа што сочувствува со „нивните причини и што се е сторено врз нив".[71]

Партијата ГРОМ, која го поддржа кандидатот Зоран Поповски, непосредно по завршувањето на изборниот ден од првиот круг, ги оцени изборите како „релативно фер и демократски".[72] Лидерот на ГРОМ, Стевче Јакимовски, ја оцени и изборната кампања како „коректна", но реагираше за постоењето на голем број на неважечки ливчиња, на кои, како што рече тој, бил заокружен нивниот кандидат.[73] Кандидатот

[69] Заев: Ова не е волјата на народот, ќе го разберат тоа на 27-ми април. Изјава, 13 април 2014, достапна на веб-страницата на СДСМ: http://sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=5&articleId=10456 (посетено на 7 мај 2014).

[70] Пендаровски: Борбата не е завршена. Изјава за медиуми, 13 април 2014, достапна на веб-страницата на СДСМ: http://sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=5&articleId=10455 (пристапено на 7 мај 2014).

[71] Тачи: Нула излезност на некои места е одраз на диктатура. Утрински весник, 13 април 2014, http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=A18BD7D10D49B6458CE36841CBFE657B (пристапено на 7 мај 2014); ДПА: Продолжуваме со активности за победа на парламентарните избори. МРТ1, 14 април 2014, http://www.mrt.com.mk/node/7569 (пристапено на 7 мај 2014).

[72] ГРОМ: Изборите релативно фер и демократски. Алфа ТВ, 13 април 2014, http://www.alfa.mk/News.aspx?ID=74995#.U2oJD1cj7To (пристапено на 7 мај 2014).

[73] ГРОМ: Дамка на изборите се неважечките ливчиња. Локално.мк, 14.04.2014, http://lokalno.mk/grom-damka-na-izborite-se-nevazhechkite-livchinja/ (пристапено на 7 мај 2014).

Зоран Поповски, пак изјави дека преку претседателските избори ГРОМ покажал дека е играч на политичката сцена.[74] Партијата и лидерот упатија честитки до Иванов и Пендаровски за нивниот успех во првиот круг од претседателските избори.[75]

Двете најголеми партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, чии кандидати се натпреваруваа во вториот круг на претседателските избори, излегоа во јавноста со радикално спротивставени оценки и за вториот дел од изборниот натпревар. Поклопувањето на вториот круг на претседателските избори со парламентарните овозможи оценките на партиите во голема мера да се поклопуваат за двете одделни полиња на натпревар. За владејачката коалиција „За подобра Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ и за претседателскиот кандидат Ѓорге Иванов изборите беа мирни, фер и демократски. Од друга страна, за СДСМ и здружената опозиција, како и за кандидатот Стево Пендаровски изборите беа нефер, недемократски и „криминални". Останатите партии генерално се воздржаа од коментирањето на изборниот процес за вториот круг на претседателските избори.[76]

Прес конференции непосредно по завршувањето на изборниот ден од вториот круг одржаа и ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Актуелниот претседател и претседателски кандидат Ѓорге Иванов одржа прес конференција ноќта по завршувањето на изборниот ден, додека кандидатот Стево Пендаровски својата прес конференција ја одржа следниот ден, на 28 април.

На прес конференција, одржана непосредно по завршувањето на изборниот ден, на 27 април, кандидатот за пратеник и носител на листа од ВМРО-ДПМНЕ, Антонио Милошоски го оквалификува изборниот процес како мирен, фер и демократски. Милошоски изјави

[74] Поповски: ГРОМ покажа дека е играч на политичката сцена. Радио Слободна Европа на македонски, 13 април 2014, http://www.makdenes.org/archive/news/20140413/428/428.html?id=25331803 (пристапено на 7 мај 2014).

[75] Честитки од ГРОМ за Иванов и Пендаровски. Сител ТВ, 13 април 2014, http://www.sitel.com.mk/mk/chestitki-od-grom-za-ivanov-i-pendarovski (пристапено на 7 мај 2014).

[76] Реакциите на партиите за парламентарните избори се достапни во Прирачникот за парламентарни избори во Република Македонија 2014 година.



дека „граѓаните покажаа дека имаат демократска свест и потврдија на дело дека знаат да определат што е нивни и државен интерес." Во исто време, Милошевски изјави дека СДСМ и лидерот Заев направиле обид за фабрикување на сценарио за изборни нерегуларности, кое граѓаните го препознале како такво.[77]

Подоцна на 27 април, на посебна прес конференција, се обратија до јавноста лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и кандидатот за претседател Ѓорге Иванов. Груевски потенцираше дека како и во првиот круг од изборите, така и во вториот, Македонија имала успешни избори, карактеризирани со мирен, фер и демократски изборен ден. Во својот говор, Груевски им честиташе на граѓаните за мирниот изборен ден, а победата на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „За подобра Македонија" ја окарактеризира како двојна – обезбедена и на претседателските и на предвремените парламентарни избори.[78] Ѓорге Иванов подвлече дека на изборите „победи демократијата, граѓаните, Македонија. Имавме мирни, фер и деморатски избори, избори како што и прилегаат на Македонија, на европска Македонија".[79]

Непосредно по затворањето на избирачките места и пред пребројувањето на гласовите за вториот круг, претседателот на опозициската СДСМ, Зоран Заев, пред јавноста го претстави ставот на СДСМ и здружената опозиција за изборниот ден. Заев посочи на злоупотребување на државниот систем во служба на партискиот интерес на владејачката партија, узурпација на правото на граѓаните за слободно изразување на волјата, поткуп на гласачи, притисоци врз вработените во јавната администрација, примателите на социјална помош и фирмите, гласање на т.н. „фантомски гласачи", агитирање на верски лидери, злоупотребување на јавниот радиодифузен сервис

[77] ВМРО-ДПМНЕ: Победија граѓаните, имавме мирни и фер избори. Дневник, 27 април 2014, достапно на: http://www.dnevnik.mk/default.asp?ItemID=FCA9C798EE508648B7BAE3B60B977D83 (пристепено на 5 мај 2014).

[78] Груевски и Иванов: Најголем победник е Македонија. Нова ТВ, 28 април 2014, http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=23&vest=13677 (пристапено на 7 мај 2014).

[79] Иванов: На овие избори победи демократијата, граѓаните, Македонија. Веб-страница на Ѓорге Иванов за изборите, 28 април 2014: http://ivanov.mk/web/?p=1326 (пристепено на 5 мај 2014).

и дезинформирање на јавноста од страна на провладините приватни медиуми. Во поглед на спроведувањето на изборниот процес, Заев обвини и за постоење на дупликат гласачки ливчиња, фотографирање на гласачки ливчиња, бришење на видливото мастило, групно гласање, како и други нерегуларности. Лидерот на СДСМ објави дека претседателските и парламентарните избори нема да бидат признаени од страна на СДСМ и здружената опозиција и побара формирање на техничка влада која би го спровела изборниот процес.[80]

На посебна прес конференција, на 28 април, ден по одржувањето на вториот круг од претседателските избори, претседателскиот кандидат на СДСМ Стево Пендаровски го искажа својот став за претседателските избори. Во своето обраќање до јавноста, Пендаровски обвини за прекршување на правото на слободно изразување на волјата на граѓаните, поткуп и притисоци врз гласачите, но се заблагодари на оние граѓани кои го дале својот глас за кандидатот на опозицијата изедначувајќи го тоа со „чин на лична храброст". Претседателскиот кандидат изрази целосна поддршка зад квалификациите на изборниот процес кој еден ден претходно ги соопшти лидерот на СДСМ. Пендаровски го коментираше и однесувањето на претставниците на меѓународната заедница за кои рече дека се „само пасивни набљудувачи на ретроградните политички процеси во Република Македонија" и побара од нив да ги насочат своите ресурси, напори и време кон досегашната власт како генератор на кризата во македонската политика. Пендаровски посочи дека меѓународната заедница треба помалку да се интересира за делувањето на опозицијата и наспроти тоа, да се сврти кон делувањето на владејачките партии.[81]

На 2 мај, кога беше издадено уверението за избор на претседател од ДИК на Ѓорге Иванов, СДСМ излезе во јавноста со соопштение кое го карактеризира изборот на Иванов како „избран на функцијата претседател на Република Македонија на криминални, нефер и недемократски избори". Преку истото соопштение, СДСМ објави дека не го признава изборот на Иванов за претседател на Република Македонија.[82]

## ЗАКЛУЧОЦИ

Претседателските избори 2014 во Македонија генерално поминаа во мирна атмосфера и без поголеми инциденти. Кампањата се карактеризираше со позитивна промоција на кандидатите, но и со одредена доза на т.н. „негативна" кампања преку која кандидатите се обидуваа да се претстават како антиподи на своите политички опоненти. Ѓорге Иванов, кој беше повторно избран на функцијата претседател, ја насочи својата кампања кон националните прашања, како што се зачувување на уставното име на земјата и заштитата на македонскиот идентитет. Тој во својата кампања потенцираше дека помеѓу институциите во државата треба да има соработка и единство, што, како што објаснуваше, било покажано во неговата работа и работата на Владата како пристап кој донел резултати. Кандидатот на опозициската СДСМ, Стево Пендаровски, преку својата кампања го предизвикуваше концептот на владејачката ВМРО-ДПМНЕ и се обидуваше да се претстави пред гласачите како иден претседател кој би претставувал контрабаланс на политиките на владејачката партија. Кампањата на Пендаровски во одредена мера беше насочена и кон другите етнички заедници освен македонската. Единствениот Албанец во претседателската трка, Илјаз Халими од опозициската ДПА, ја насочи целата своја кампања кон етничките Албанци и се фокусираше на прашањата од важност за оваа етничка заедница. Зоран Поповски, кандидат на вонпарламентарната ГРОМ се претставуваше како кандидат кој нема да дозволува неодговорно трошење на народните пари, ќе промовира подобри услови за домашните бизниси и за младите и ќе биде адвокат на граѓаните. Паралелно со кампањите на четворицата претседателски кандидати, најголемата

80 Заев: Не го признаваме изборниот процес, техничка влада за фер избори. Прес конференција, 27 април 2014, достапна на веб-страницата на СДСМ: http://sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=5&articleId=10576 (пристепено на 5 мај 2014).

81 Пендаровски: Имам намера без отстапки да го бранам концептот за слободна Македонија. Прес конференција, 28 април 2014, достапна на веб-страницата на СДСМ: http://sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=5&articleId=10580 (пристепено на 5 мај 2014).

82 СДСМ не го признава Ѓорге Иванов за претседател на Република Македонија. Соопштение за јавност, 2 мај 2014, достапно на веб-страницата на СДСМ: http://sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=2&articleId=10589 (пристепено на 5 мај 2014).

партија на етничките Албанци, дел од владејачката коалиција, ДУИ, спроведуваше кампања со која ги повикуваше етничките Албанци на бојкот на изборите и ја промовираше идејата за т.н. „конснзуален претседател", односно претседател прифатлив за сите граѓани на Македонија, без разлика на етничката припадност.

Од сите претседателски кандидати, најскапа изборна кампања спроведе Ѓорге Иванов кој до крајот на вториот круг потроши 47.394.082 денари (766.895 евра). Неговиот најблизок опонент Стево Пендаровски спроведе кампања во вредност од 9.392.108 денари (151.976 евра). Кандидатите кои не влегоа во вториот круг, Илјаз Халими и Зоран Поповски потрошиле 509.226 денари (8.240 евра) и 830.000 денари (13.430 евра), соодветно.

Како и во претходните изборни циклуси, медиумите претставуваа значаен актер во креирањето на јавното мислење. Достапните извештаи од мониторингот на медиумите во изборниот циклус покажаа неизбалансираност во медиумското известување, што се коси со барањата на законската рамка. Иако повеќето од медиумите квантитативно ги задоволуваа законските критериуми за известување на кандидатите, од квалитативен аспект известувањето бележи сериозни недостатоци. Медиумите во рамки на јавниот радиодифузен сервис известуваа нагласено позитивно за кампањата на владејачките ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, а неутрално за останатите актери во изборниот циклус. Комерцијалните медиуми генерално известуваа во корист на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, негативно врамувајќи ги активностите на Стево Пендаровски и опозициската СДСМ. Сепак, одредени медиуми успеаја да задржат неутрален тон во известувањето и претставувањето на кандидатите. И овој изборен циклус покажа дека медиумското известување е предмет на сериозни недостатоци и дека останува како сериозен предизвик за македонската демократија.

Изборите се карактеризираа со особено ниска излезност во првиот круг, најниска во историјата на претседателските избори. Ова делумно се должи на бојкотот на изборите од дел од гласачите етнички Албанци иницирaн од ДУИ. Во првиот круг на гласање излегле 48,86% од запишаните избирачи. Во вториот круг на гласање излезноста беше поправена до 54,38% што е повеќе од излезноста на вториот круг од претседателските избори во 2009 година. Поклопувањето на вториот круг претседателски со предвремените парламентарни избори влијаеше позитивно на излезноста на гласачите. Гласањето во странство не предизвика голем интерес кај граѓаните кои долгорочно престојуваат вон границите на Република Македонија.

Во првиот круг најмногу гласови освоија Ѓорге Иванов, 51,69% од гласачките ливчиња и Стево Пендаровски кој освои 37,51%. Илјаз Халими освои 4,48%, а Зоран Поповски 3,61%. 2,72% од гласачките ливчиња беа прогласени за неважечки. Во вториот круг најмногу гласови освои Ѓорге Иванов, вкупно 55,28% од гласачките ливчиња. Стево Пендаровски освои 41,14% од гласовите. 3,58% од гласачките ливчиња беа прогласени за неважечки.

Ѓорге Иванов беше избран во вториот круг со гласовите на 30,06% од вкупниот број на гласачи запишани во единствениот избирачки список.

До Државната изборна комисија (ДИК) во предвидените рокови не стигна ниту еден приговор за повреда на избирачкото право, ниту од подносителите на листи за кандидати за претседател, ниту од граѓаните гласачи.

Првиот круг на претседателските избори го следеа вкупно 9,197 домашни и 489 странски набљудувачи, а за вториот круг на претседателските избори кој се одржуваше истовремено со предвремените парламентарни избори бројот на домашни набљудувачи се зголеми на 10,013, додека бројот на странските набљудувачи на 610.

Генералната оценка на набљудувачките мисии, особено оние на ОБСЕ/ОДИХР и на домашната МОСТ е дека изборите биле ефикасно

спроведени, при што кандидатите можеле слободно да ја водат кампањата. Сепак, набљудувачките мисии нотираа и извесни недостатоци како што е постоењето на групно гласање, неследење на инструкциите на ДИК од страна на избирачките одбори, читање на глас на имињата на гласачите, присуство на лица кои ги евидентирале гласачите пред избирачките места, како и обиди за влијание на избирачките одбори врз гласачите - на кој изборен процес да учествуваат при изборниот ден, 27 април.

Работата на ДИК е оценета од набљудувачите како ефикасна и отворена, со извесни забелешки во поглед на транспарентоста на тоа тело. Набљудувачите забележаа за партиската поделеност кај членовите на ДИК при носењето на одлуките, односно за гласање по партиска линија. Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР ја нотира слабата комуникација на ДИК со општинските изборни комисии во двата изборни круга што довело до забуни во врска со процедурите.

Делегацијата на Европската Унија и Амбасадата на САД во Република Македонија дадоа заедничка изјава со оценка и коментар за изборите. Изјавата содржи признание за граѓаните кои го искористиле своето право на глас и повторување на оценката на ОБСЕ/ОДИХР во однос на ефикасноста на изборите, медиумска пристрасност, како и спојувањето на државни и партиски активности како најголеми недостатоци на изборниот процес.

Политичките партии изнесоа различни оценки за спроведување на изборниот процес. Владејачката ВМРО-ДПМНЕ ги оцени изборите како мирни, фер и демократски. Опозициската СДСМ изнесе обвинувања за „системска кражба на гласови" и објави дека не го признава легитимитетот на повторно избраниот претседател Ѓорге Иванов. ДПА оцени дека притисокот врз гласачите етнички Албанци од страна на ДУИ бил главен фактор за слабата излезност кај албанскиот електорат. ГРОМ ги оцени изборите како „релативно фер и демократски", но изрази сомнеж за постоењето на голем број на неважечки гласачки ливчиња во првиот круг.

Ѓорге Иванов беше инаугуриран на функцијата претседател на 12 мај 2014 година. На седницата на неговата инаугурација не присуствуваа избраните пратеници од партиите СДСМ, ДУИ и НДП. СДСМ и НДП јавно објавија дека не ги признаваат изборните процеси за претседателските и предвремените парламентарни избори и дека нема да ги прифатат мандатите на своите пратеници, со што стана поизвесно дека претстои спроведување на дополнителни избори на предвремените парламентарни кои се однесуваат само на пополнување на испразнетите пратенички места, односно неприфатените пратенички мандати. Официјалниот став на ДУИ е дека изборот на Иванов е легален, но не е легитимен бидејќи не ја одразува волјата на етничките Албанци. На овој начин, вториот мандат на Ѓорге Иванов на функцијата претседател на Република Македонија започнува со негово „непризнавање" од страна на дел од домашните политички субјекти, како и во време на можна претстојна политичка криза, доколку неучеството на дел од опозиционите партии во Парламентот биде ефектуирано.

Во деновите по изборите, изборот на Иванов беше забележан и поздравен од шефовите на држави и влади од повеќе европски земји. До повторно избраниот претседател пристигнаа честитки од претседателите на неколку држави Владимир Путин (Руската федерација), Јоахим Гаук (Германија), Абдула Ѓул (Турција), Јанош Адер (Унгарија), Милош Земан (Чешка), како и од други државници. Честитки пристигнаа и од претседателите на земјите во соседството и регионот: Росен Плевнелиев (Бугарија), Борут Пахор (Словенија), Иво Јосиповиќ (Хрватска), Томислав Николиќ (Србија), Филип Вујановиќ (Црна Гора) и Бакир Изетбеговиќ (БиХ). Честитка за реизборот на Иванов во име на Европската комисија испрати и претседателот на Комисијата, Жозе Мануел Баросо.

# ИЗВОРИ

## ИЗВОРИ

Веб-страница на Државната изборна комисија за претседателските избори 1999 година:
http://www.sec.mk/arhiva/1999_pretsedatelski/
(последна посета: 11 февруари 2014).

Веб-страница на Претседателот на Република Македонија:
http://www.president.gov.mk/ (последна посета: 11 февруари 2014).

Државна изборна комисија. Претседателски избори 2009. Соопштение за збирни резултати од гласањето во првиот круг. Пристапено на: http://www.sec.mk/arhiva/2009_pretsedatelskiIlokalni/2009/fajlovi/rezultati/konecni/PretsedatelDrzava.pdf
(последен преглед на 11 февруари 2014).

Државна изборна комисија. Претседателски избори 2009. Соопштение за збирни резултати од гласањето во вториот круг. Пристапено на: http://www.sec.mk/arhiva/2009_pretsedatelskiIlokalni/2009/fajlovi/rezultati2/konecnipret/Predsedatel_konecni.pdf
(последен преглед на 11 февруари 2014).

Закон за дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 31/2013.

Закон за избор на претседател на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, бр. 20/94.

Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 142/2012.

Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија 14/2014. Пристапено на:
http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=665
(последна посета: 15 февруари 2014).

Изборен законик (Пречистен текст), Службен весник на Република Македонија бр. 32/2014.

Министерство за финансии на Република Македонија, Буџетски трошоци во предизборен период, пристапено на:
http://www.finance.gov.mk/trosoci
(последна посета: 13 март 2014 година).

Министерство за финансии на Република Македонија, Предизборен финансиски извештај, 17 февруари 2014, пристапено на:
http://www.finance.gov.mk/files/u12/Predizboren_finansiski_izvestaj.pdf
(последна посета: 13 март 2014).

ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права. Република Македонија, Локални избори 24 март и 7 април 2013, Конечен извештај, Варшава 9 јули 2013, пристапено на:
http://www.osce.org/mk/odihr/elections/103832
(последна посета: 15 февруари 2014).

ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права. Република Македонија, Претседателски избори, 31 октомври и 14 ноември 1999, Конечен извештај. Варшава, 31 јануари 2000, пристапено на:
http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/15910
(последна посета: 11 февруари 2014).

ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права. Република Македонија, Претседателски избори, 14 и 28 април 2004, Краен извештај. Варшава, 13 јули 2004. Пристапено на:
http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/35248
(последна посета: 11 февруари 2014).

Републичка (Државна) изборна комисија. Извештај за спроведениот избор на претседател на Република Македонија во 1994 година. Број 30-282. 8 ноември 1994 година.

Решение за распишување избор за претседател на Република Македонија, бр. 08-608/1, 1 февруари 2014 Скопје, пристапено на:
http://www.sec.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=214:resenie-za-izbor&catid=29&Itemid=1278&lang=mk
(последна посета: 13 март 2014).

Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на изборите за Претседател на Република Македонија, Државна изборна комисија, 13 април 2014, пристапено на:
http://sec.mk/images/izbori2014/rokovnik.pdf
(последна посета: 10 март 2014).

Стенографски белешки од Петтата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, оддржана на 27 јануари 1991, Скопје, 27 јануари 1991, пристапено на:
http://sobranie.mk/WBStorage/Files/05sed27jan91god.pdf
(последна посета: 11 февруари 2014).

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2014) Извештај од мониторингот на медиумското покривање за претседателските и предвремените парламентарни избори. Скопје, мај, достапен на:
http://www.avmu.mk/images/Finalen_Izvestaj_Izbori_2014_-_nacionalni_mediumi.pdf
(пристапено на 13 мај 2014).

Амбасада на Соединетите американски држави, Скопје, Македонија, Соопштенија за медиумите 2014, Заедничка изјава на Делегацијата на

ЕУ и Амбасадата на САД 29 април 2014:
http://photos.state.gov/libraries/macedonia/8573/ArchivePDFsApril2014/pr04292014mac.pdf
(пристапено на 2 мај 2014 година).

Граѓанска асоцијација МОСТ, Прелиминарна изјава - 12.30 - 14.04.2014
http://www.most.org.mk/index.php/mk/ongoing-projects/-2014/307--1230-1404201 4
(пристапено на 14 април 2014 година).

Граѓанска асоцијација МОСТ, Претседателски и предвремени парламентарни избори 2014, Прелиминарна изјава 28.04.2014, Скопје
http://most.org.mk/images/MOST/Preliminarna%20izjava_vtor%20krug_28%2004%202014_MKD.pdf
(пристапено на 28 април 2014 година).

Димевски, Јане (2014) Прирачник за парламентарни избори во Република Македонија 2014 година. КАС и ИДСЦС, Скопје, април

Државна изборна комисија на Република Македонија
http://217.16.84.23/index.php?lang=mk

Државна изборна комисија, Предвремени парламентарни и претседателски избори 2014, Претседателски избори - прв круг
http://rezultati.sec.mk/President/Results?cs=mk-MK&r=1&rd=r&eu=All&m=All&ps=All
(пристапено на 15 април 2014 година).

Државна изборна комисија, Предвремени парламентарни и претседателски избори 2014, Претседателски избори - втор круг
http://rezultati.sec.mk/President/Results_R2?cs=mk-MK&r=3&rd=r&eu=All&m=All&ps=All
(пристапено на 29 април 2014 година).

Државна изборна комисија, Претседателски избори 2014 година, Предвремени парламентарни избори 2014 година
http://217.16.84.23/files/izbori2014/2_tabela_akreditirani_nabljuduvaci.pdf и http://217.16.84.23/files/izbori2014/21Tabela_na_akreditirani_nabljuduvaci.pdf
(пристапено на 24 април 2014 година).

Државна изборна комисија, Претседателски избори 2014, Финансиски извештаи на каднидати за претседател на Република Македонија
http://217.16.84.23/index.php?option=com_content&view=article&id=305:fin_izv&catid=29&Itemid=1278&lang=mk
(пристапено на 27 април 2014 година).

Државна изборна комисија, Соопштение од 78. Седница на Државната изборна комисија
http://217.16.84.23/index.php?limitstart=32&lang=mk

Ѓорге Иванов, твитер профил:
https://twitter.com/gjorgeivanov
(пристапено на 11 април 2014 година).

Ѓорге Иванов, фејсбук страница:
https://www.facebook.com/macedonianpresident
(пристапено на 11 април 2014 година и 27 април 2014 година).

Зоран Поповски – Кандидат за претседател на Македонија, фејсбук страница:
http://goo.gl/VN2yMa
(пристапено на 11 април 2014 година).

Зоран Поповски, твитер профил:
https://twitter.com/popovskiz
(пристапено на 11 април 2014 година).

Илјаз Халими, фејсбук страница: Iljaz Halimi Per President,
https://www.facebook.com/iljazhalimiofficial
(пристапено на 11 април 2014 година).

Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, 25.04.2014 Оперативен штаб при МВР за потребите за изборите, Споредбено со претходните изборни циклуси досега најмал број на инциденти и нарушувања на ЈРМ:
http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=13451&mid=1367&tabId=358&tabindex=0
(пристапено на 25 април 2014 година).

ОБСЕ/ОДИХР, Меѓународна набљудувачка мисија за изборите во Република Македонија, Претседателски избори 13 април 2014 год. (2014) Изјава за првичните наоди и заклучоци. Скопје, април, достапна на:
http://www.osce.org/mk/odihr/elections/117647?download=true
(пристапено на 13 мај 2014).

ОБСЕ/ОДИХР, Меѓународна набљудувачка мисија за изборите во Република Македонија, Претседателски и предвремени Парламентарни избори 27 април 2014 год. (2014) Изјава за првичните наоди и заклучоци. Скопје, април, достапна на:
http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/118079?download=true
(пристапено на 13 мај 2014).

Стево Пендаровски, твитер профил:
https://twitter.com/SPendarovski
(пристапено на 27 април 2014 година).

Стево Пендаровски, фејсбук страница:
https://www.facebook.com/SPendarovski
(пристапено на 11 април 2014 година и 27 април 2014 година).

## МЕДИУМСКИ ИЗВОРИ

Вкупно 63.253 потписи за Иванов, Телеграф, 04.03.2014, пристапено на:
http://www.telegraf.mk/aktuelno/114187-vkupno-63-253-potpisi-za-ivanov
(последна посета: 04 март 2014).

ВМРО-ДПМНЕ оди на предвремени парламентарни избори, Радио слободна Европа на македонски, 01.03.2014, пристапено на:
http://www.makdenes.org/archive/news/20140301/428/428.html?id=25281463
(последна посета 10 март 2014).

ДПА го собра потребниот број потписи за Илјаз Халими, Телма ТВ, 01.03.2014, пристапено на:
http://telma.com.mk/index.php?task=content&cat=1&rub=15&item=35438
(последна посета: 10 март 2014).

ДУИ децидни: Консензуален претседател на државата, 24 Вести, 09.01.2014, пристапено на:
http://24vesti.mk/dui-decidni-konsenzualen-pretsedatel-na-drzhavata
(последна посета: 10 март 2014).

ДУИ поднесе предлог за предвремени избори, Дојче Веле, Македонски сервис, 01.03.2014, пристапено на:
http://www.dw.de/%D0%B4%D1%83%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%B5%D1%81%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BB%D0%BE%D0%B3-%D0%B7%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8/a-17466769
(последна посета: 10 март 2014).

Ѓорге Иванов избран за кандидат за претседател на Република Македонија од ВМРО-ДПМНЕ, Веб-страна на ВМРО ДПМНЕ, 01.03.2014, пристапено на:
http://vmro-dpmne.org.mk/?p=21701
(последна посета 13 март 2014).

Илјаз Халими кандидат за претседател на ДПА, Алфа ТВ, 26.02.2014, пристапено на:
http://www.alfa.mk/News.aspx?ID=72039#.UxXuTM51DiA
(последна посета: 10 март 2014).

Пендаровски официјално претседателски кандидат на СДСМ, Дојче Веле, Македонски сервис, 05.03.2014, пристапено на:
http://www.dw.de/%D0%BF%D0%B5%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BE%D1%84%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%82%D1%81%D0%B5%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BA%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B8%D0%B4%D0%B0%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B4%D1%81%D0%BC/a-17476530
(последна посета: 10.03.2014).

Собрани 10.000 потписи за кандидатурата на Зоран Поповски, Телма ТВ, 17.02.2014, пристапено на:
http://www.telma.com.mk/index.php?task=content&cat=1&rub=15&item=35041
(последна посета: 10 март 2014).

ВМРО-ДПМНЕ: Победија граѓаните, имавме мирни и фер избори. Дневник, 27 април 2014, достапно на:
http://www.dnevnik.mk/default.asp?ItemID=FCA9C798EE508648B7BAE3B60B977D83
(пристепено на 5 мај 2014).

ГРОМ: Изборите релативно фер и демократски. Алфа ТВ, 13 април 2014, http://www.alfa.mk/News.aspx?ID=74995#.U2oJD1cj7To
(пристапено на 7 мај 2014).

ГРОМ: Дамка на изборите се неважечките ливчиња. Локално.мк, 14.04.2014,
http://lokalno.mk/grom-damka-na-izborite-se-nevazhechkite-livchinja/
(пристапено на 7 мај 2014).

Груевски: Народот покажа какви вредности поддржува. МРТ1, 13 април 2014, http://www.mrt.com.mk/node/7544
(пристапено на 7 мај 2014).

Груевски и Иванов: Најголем победник е Македонија. Нова ТВ, 28 април 2014,
http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=23&vest=13677
(пристапено на 7 мај 2014).

До ДИК нема приговори за првиот круг од изборите. Радио Слободна Европа на македонски, 16 април 2014,
http://www.makdenes.org/content/news/25351553.html
(пристапено на 7 мај 2014).

Иванов и официјално го доби вториот претседателски мандат. МРТ1, 30 април 2014,
http://www.mrt.com.mk/node/8362
(пристапено на 7 мај 2014).

ДПА: Продолжуваме со активности за победа на парламентарните избори. МРТ1, 14 април 2014,
http://www.mrt.com.mk/node/7569
(пристапено на 7 мај 2014).

Заев: Не го признаваме изборниот процес, техничка влада за фер избори. Прес конференција, 27 април 2014, достапна на веб-страницата на СДСМ:
http://sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=5&articleId=10576
(пристепено на 5 мај 2014).

Заев: Ова не е волјата на народот, ќе го разберат тоа на 27-ми април. Изјава, 13 април 2014, достапна на веб-страницата на СДСМ:
http://sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=5&articleId=10456
(посетено на 7 мај 2014).

Иванов: Македонија е најголемиот победник. Веб-страница на Ѓорге Иванов за изборите, 14 април 2014:
http://ivanov.mk/web/?p=949
(пристепено на 7 мај 2014).

Иванов: На овие избори победи демократијата, граѓаните, Македонија. Веб-страница на Ѓорге Иванов за изборите, 28 април 2014:
http://ivanov.mk/web/?p=1326
(пристепено на 5 мај 2014).

Пендаровски: Борбата не е завршена. Изјава за медиуми, 13 април 2014, достапна на веб-страницата на СДСМ:
http://sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=5&articleId=10455
(пристапено на 7 мај 2014).

Пендаровски: Имам намера без отстапки да го бранам концептот за слободна Македонија. Прес конференција, 28 април 2014, достапна на веб-страницата на СДСМ:
http://sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=5&articleId=10580
(пристепено на 5 мај 2014).

Поповски: ГРОМ покажа дека е играч на политичката сцена. Радио Слободна Европа на македонски, 13 април 2014,
http://www.makdenes.org/archive/news/20140413/428/428.html?id=25331803
(пристапено на 7 мај 2014).

Радио Слободна Европа, ОБСЕ - Ефикасно спроведени избори, но проблемите остануваат, среда 30 април 2014 година
http://www.makdenes.org/content/article/25365682.html
(пристапено на 28 април 2014 година).

СДСМ не го признава Ѓорге Иванов за претседател на Република Македонија. Соопштение за јавност, 2 мај 2014, достапно на веб-страницата на СДСМ:
http://sdsm.org.mk/default.aspx?mId=55&agId=2&articleId=10589
(пристепено на 5 мај 2014).

Тачи: Нула излезност на некои места е одраз на диктатура. Утрински весник, 13 април 2014,
http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=A18BD7D10D49B6458CE36841CBFE657B
(пристапено на 7 мај 2014).

Честитки од ГРОМ за Иванов и Пендаровски. Сител ТВ, 13 април 2014,
http://www.sitel.com.mk/mk/chestitki-od-grom-za-ivanov-i-pendarovski
(пристапено на 7 мај 2014).

Konrad Adenauer Stiftung

IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

**Фондација Конрад Аденауер**

**Претставништво во Македонија**

Максим Горки 16/кат 3
МК-1000 Скопје

Тел.: +389-2-3231-122
Факс: +389-2-3135-290
E-mail: Skopje@kas.de

**www.kas.de/macedonia**
**www.idscs.org.mk**